## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да ја продолжиме Четиринаесеттата седница, сакам да ве замолам за едно извинување со реварка дека, бидејќи избравме потпретседатели вакви извиненија нема да има повеќе, што значи дека кога ќе имаме некоја координација или потпретседателот ќе ја започне седницата на време или јас, во секој случај ќе можеме да делегираме некои работи за да работиме паралелно.

Инаку, се работеше за координација околу Деловникот која беше плодна и која ќе стесни многу часови работа на Собранието, и пленарни и секакви седници, така што овој час е потрошен корисно. Се надевам дека од сега па натаму нема да има вакви извинувања, затоа што ќе можеме се да распределиме со потпретседателите.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Има процедурално? (Да)

Ако може да ја отворам седницата, па после ќе ви дадам збор процедурално.

Пратениците Горан Мисовски, Тито Петковски, Иван Анастасовски, Лилјана Поповска, Тале Герамитчиоски, Оливер Шамбевски, Љубчо Георгиевски, Илинка Митрева, Али Ахмети, Теута Арифи, Александар Николовски, Горан Петров, Јован Манасијевски, Даут Рецепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдуладి Вејсели и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата

Повелете, има збор процедурално господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван претседателе.

Дозволете на почетокот на денешната седница, која е продолжение на интерпелацијата на министерот за образование, да дадам еден предлог до вас во духот на џентлменството и односите што сакате вие да ги воспоставите со опозицијата.

Мислам дека е добро, претседателе, обидувајќи се да го подигнеме дигнитетот и кредибилитетот на Собранието, да побарате во четврток од Владата да имаме пратенички прашања, имајќи предвид дека вчера се изнагледавме настапи на претставниците на Владата пред медиумите. Во 12,00 часот имаше прес конференција, пред јавноста отворена седница на Владата, на крајот 4 часа учество на Македонската телевизија и очекував дека самите, согласно Деловникот на Собранието, ќе се повикаат на нашето џентлменство. Ние чекавме да поминат 100 дена и не го користевме последниот четврток во септември, во октомври и во ноември да имаме пратенички прашања.

Мислам дека е добро, пред се за претседателот на Владата, овој четврток да имаме пратенички прашања, бидејќи не верувам дека на 27 декември, кога е последниот четврток, тоа ќе биде приоритет. Сега е интересно, затоа што очигледно Владата влезе во кампања да ги прослави стоте дена и она вчера беше невидено. Не беше по мој вкус, не знам дали е по вкусот на просечниот македонски гласач и граѓанин.

Според информациите што ги имам, можеби премиерот не е во четврток тука, бидејќи многу се фалеше дека работат и петок, сабота, недела за време на викендите. Да работиме и ние еден викенд ако треба и да имаме во сабота или недела пратенички прашања. Ние сме подготвени, координаторот на пратеничката група и официјално, ако вие не реагирате, ќе побара таква седница на Парламентот. Знам дека е добро, кога веќе Владата сака да биде транспарентна, отчетот за своето работење да го даде пред пратениците, пред оние кои ја избраа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Еве го моето објаснување во однос на оваа процедурална забелешка или да го наречам предлог.

Не впуштајќи се во политичките проценки, на кои имате потполно право, според член 37 за поставување пратенички прашања се свикува посебна седница последниот четврток во месецот. На седницата присуствуваат претседателот и членовите на Владата и други и други носители на јавни функции за кои е најавено дека ќе им се постават прашања. Значи, според вас спорна е датата дали овој четврток сега или на 27- ми декември. Според Деловникот, ништо е не спорно. Според тоа ние работиме според Деловникот.

Во меѓувреме претседателството на својата прва седница - се извинувам што велам претседателството, деловнички треба да речам претседателот и претседателите на својата прва седница на 4 декември донесе агенда за пленарните состаноци за цел месец декември, имајќи предвид дека од сега натаму секогаш ќе имаме агенда еден месец. Сите пратенички групи ќе добиваат агенда на пленарни седници за цел месец за да можат добро да се планираат и добро да се распоредат. Мислам дека во тоа ќе успееме, освен некои итни седници кои ќе дојдат патем.

Значи во таа насока треба да ве известам дека според таа агенда која уште не е поделена, мислев денес да ја поделам, меѓутоа уште некои датуми врзани со некои министри отсуство - присуство не се фиксирани не сакам да ја поделам уште. Утре најверојатно ќе биде поделена. Според таа агенда седницата за пратенички прашања е веќе закажана и веќе е

закажана по Деловникот. Тоа значи дека на 28 декември 2006 на оваа седница на Собранието ќе бидат поставувани пратенички прашања.

Еве го тој папир. Не го поделив. Денес мислев да го поделам. Не го поделив затоа што немам потврда од еден министер дали на една дата од оваа агенда е тука. Според тоа, така е како што е, се е по Деловникот. Јас ве разбирам, вашата политичка проценка има длабока логика според ставовите на опозицијата, но за жал, не се совпаѓа со Деловникот. Благодарам.

Повелете госодине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Иницијативата и официјално ќе ја поднесам. Идејата беше, согласно џентлменскиот договор, затоа што ако слепо се држите до Деловникот, и во последниот четврток во септември, октомври и ноември требаше да има седница посветена на пратенички прашања. Мислам дека доликува, ако сакаме да го подигнеме дигнитетот и кредибилитетот на Собранието, уште повеќе што вчера, цитирам, претседателот на Владата рече: “Јас сум противник на средби позиција - опозиција надвор од Парламентот”. Значи нема подобар мегдан за соочување на нашите мислења за работењето на Владата отколку Парламентот и мислам дека е добро, слушнав дека ќе оди во Италија, во Луксембург но ќе се врати, имале кондиција и работеле вчера до 01,00 часот. Остана ненаспана македонската нација која беше возбудена да го догледа до крај настапот на Владата. Дајте и ние да не одмараме во сабота и недела, да поработиме овде во Парламентот и да отвориме прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи процедурални се прашањата, уште овој одговор ќе го дадам и евентуално после ќе ја прекинам процедуралната дискусија бидејќи имаме многу поважна работа, имаме интерпелација на еден министер, а треба да ви кажам дека јас во целина ве разбирам, но дека е без преседан во светската парламентарна пракса пред да поминат сто дена да се закажува седница посветена на поставување пратенички прашања. Што ќе прашуваме кога Владата штотуку дошла на власт. Значи тоа ниту е практикувано некаде, ниту има некаква логика, па според тоа, за се ќе си дојде време. Јас да сум на ваше место ќе бидам спокоен, аргументите кои ги имате против Владата ќе бидат уште позрели на 27 декември. Пуштете ги нека узреат малку, ова е сега директна реакција на една политичка офанзива од страна на Владата, која исто така е совршено легитимна. Нека се слегне, не треба паника.

Повелете процедурално, Макрадули. Од истата пратеничка група, нели? Една пратеничка група треба да постави едно до две процедурални прашања. Ако постави три, веќе не е една. Тоа да се договориме. Повелете, немам ништо против.

**Јани Макрадули:** Претседателе, јас сум свесен дека вашиот цинизам само оди на негативното конто на ВМРО-ДПМНЕ...

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, се оградувам од било каков цинизам. Факт е дека трета процедурална интервенција барате. Тоа е факт, не е цинизам.

**Јани Макрадули:** За вашиот коментар - за жал, нема да ја оствариме вашата намера, ова е единствена пратеничка група и сите ваши заложби ќе останат празни, во ветер.

Според пратеничката група на СДСМ, крајно е недемократски што една иницијатива што постои десетина дена за свикување посебна седница, согласно Декларацијата што ја има донесено ова Собрание, согласно Одлуката што ја има донесено Комисијата за европски прашња и согласно договарањето на средбата на координаторите сеуште да не биде закажана. Затоа, ако ја имате агендата што сте ја направиле со потпретседателите, би ве замолил во интерес на јавноста да ни кажете кога планирате да ја закажете седницата на која ќе биде разгледуван Извештајот на Европската комисија за Република Македонија, што е обврска и со Декларацијата што Собранието ја донело и со Одлуката што како заклучок ја има донесено Комисијата за европски прашања, на чие чело е претседателот Тито Петковски, ваш коалиционен партнер. Ве молам, во интерес на јавноста и ние да се подготвуваме, да ни кажете со време согласно Деловникот. Таа е поднесена согласно член 63 став 2 и сосема е вред бидејќи 28 пратеници ја потпишале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Таа седница е предвидена согласно Деловникот и согласно нашите напори да обезбедиме адекватно присуство на Владата, на министри на Владата и евентуално на премиерот. Датумите се такви што тоа е обезбедено на 20 декември.

Утре оваа агенда ќе ви биде официјално доставена. Сега не ви ја доставив, бидејќи немав уште еден датум, но не за оваа туку за друга седница, така што да нема никаков проблем.

Ве молам, зошто ме интерпретирате. Јас реков експресис вербис дека една група има право на две процедурални интервенции, но три процедурални интервенции од една група многу се. Нема никаква политичка порака во тоа што го реков.

(Реакција на пратеникот Јани Макрадули со зборовите: “Рековте од иста пратеничка група, што е крајно цинично.”)

Па истата сте, нели. Тогаш што е цинично? Нема ништо цинично. Ве молам, немојте да ме интерпретирате. Јас кажав точно она што мислам. Јас точно реков како претседател на Собрание дека три процедурални прашања се многу, особено на почеток на една седница.

Ве молам да ми дозволите да ја продолжам седницата со дневниот ред.

Расправаме по Интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.

Продолжуваме со претресот.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, но гледам дека не е тука.

Според тоа има збор пратеникот Сафет Незири.

Повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине Рушити, претставник на Министерството за образование и наука,

Во изминатите денови расправавме околу ова прашање на Универзитетот, односно околу вашата интерпелација за вашето работење во текот на овој период, посебно во врска со Државниот универзитет во Тетово и врз основа на ова многу добро знаеме дека еден високообразовен центар претставува основа за интеграцијата на еден народ во цивилизаторските односи внатре во едно општество или држава. Иако овие работи се евидентни и ги имаме предвид, ние треба сите заедно со заеднички сили сите аномалии, забелешки и укажувања кои може да ги има една институција, без оглед дали се говори за основно или средно образование, треба да се надминат на редовен начин со регулирани облици, со закони и Уставот на Република Македонија. За ова прашање за разрешување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово се говореше во изминатите денови, а исто така имаше коментари и сугестии од разни интелектуалци во Република Македонија. Исто така, имаше и забелешки и укажувања од Комисијата за спречување на корупцијата. Сите овие сугестии и забелешки треба да се сублимираат, да се анализираат и да се даде критички пристап на работењето на секој, посебно кога се говори за една личност која има значајна раководна улога во Министерството за образование и наука.

Јас ќе потсетам на основањето на Универзитет во Тетово. Тој е основан во 1994 година, кога на власт беше ПДП. Многу добро знаеме дека Универзитетот во Тетово се организираше во канцелариите на ПДП, каде беше и ректорот Фадил Сулејмани и неговата екипа соработници. Постапувајќи во констелации сосема други, во политички околности, паралелно со денешните во кои денес постапуваме, посебно во 2001 година и наваму, ПДП иако беше на власт и ја имаше улогата на опозиција штитејќи го Тетовскиот универзитет како една легитимна институција на еден народ, посебно на граѓаните Албанци од Република Македонија, ПДП беше на власт, имаше сила и моќ да го забрани постапувањето на Универзитотот. Бевме на власт, но такво нешто не направивме. Добро знаеме, во 1998 година беа парламентарните избори во Република Македонија, каде оваа владина структура дојде на власт и немајќи доволно сили за легализација на Тетовскиот универзитет како државен универзитет, таа основа еден паралелен универзитет. Како ПДП немаме ништо против Универзитетот на Југоисточна Европа, но ова беше еден пандан на Тетовскиот универзитет. До 2002 година имаше разни притисоци за Тетовскиот универзитет.

Во делот на вашето излагање, Вие кажавте неколку слабости кои беа евидентни кога од една позиција на факти и аргументи во суштина секој универзитет и секоја институција, секоја организација но и секое семејство има свои слабости, има такви поместувања но ние сме надлежни, компетентни значи како дел од албанското население во Република Македонија каде треба со сите заеднички сили да го штитиме Државниот универзитет во Тетово. Бидејќи на овој начин може граѓаните Албанци во Република Македонија да бидат и рамноправни во оваа област со сите граѓани во Република Македонија. Но некои слабости се направени внатре во овој универзитет и не значи дека и Министерството за образование каде вие господине Рушити раководите треба да ги повторите истите грешки кои се направија во овој универзитет. Вие во разговорите или во вашата интерпелација и во дијалозите со опозицијата често пати го спомнувате член 181 од Законот за високото образование. Но треба граѓаните на Република Македонија и пратениците да знаат дека Законот за високото образование не е само во член 181, туку имаме многу члена од Уставот кога се говори за заштитата на автономијата на Универзитетите. Јас го прочитав вашиот извештај и неколку решенија кои излегоа од Министерството за образование и верувајте ми, врз основа на тие членови кои ги спомнавте, но и во други членови кои не сте ги спомнале воопшто се забележува дека директно или посредно се кршат овие членови од Законот. Ниту вие ниту некој друг во Република Македонија го нема правото да менува ректор на универзитет знаејќи дека универзитетот ја има својата автономија на постапување. Вие најнапред го изменивте или разрешивте ректорот Нецбедин Беадини и паралелно со неговото разрешување испративте една образовна инспекција со која требаше да се констатира фактичката состојба во ДУТ.

Во таа насока е констатирано дека има прекршување во Комисија која работела до 13,30 часот и не можела да донесе никаква одлука дека се направени големи прекршувања на закони, во Државниот универзитет во Тетово. Најнапред направивте разрешување, не чекавте да даде мислење и оценка Комисијата до која се обративте. Тоа се случило октомври 2006 година, .кога се направи разрешување на ректорот и паралелно со неговото разрешување е испратен просветниот инспекторат, бидејќи во услови каде од членовите на Комисијата се кажува дека немало услови за да ја извршуваат својата обврска, тогаш Комисијата треба да се отстрани.

На 13.10 се испраќа една друга просветна инспекција каде почнува да се елаборира фактичката состојба во Државниот тетовски универзитет, а тука се најдени, горе долу, забелешки дека постои прекршување на Законот. По се изгледа господине Рушити не сте биле задоволни од овој Извештај и бидејќи не сте биле

задоволни од истата Комисија која два пати беше во Државниот универзитет во Тетово, тогаш ја изменивте Комисијата со две други имиња. На 24.10.2006 година, двата члена од Комисијата се изменети од Државниот просветен инспекторат, Диме Анастасовки и Рефик Даути. Значи овие двајца се изменети. Значи, нормално сте констатирале дека состојбата не е добра, нешто не е во ред, нема верифицирани и нострифицирани документи на овој Универзитет. Јас мислам, вие за да верифицирате една состојба, алармантна, во Државниот универзитет во Тетово, требаше претходно да го информирате основачот на Универзитетот, а тоа е Собранието на Република Македонија, преку матечната Комисија во ова Собрание. Исто така требаше да се информира и Државниот универзитет во Ретово, шест месеци претходно, да се информира Сенатот за тие слабости. Значи во текот на 6-те месеци да се подобрат истите. Инаку ќе следат други снакции од самото Министерство. Овие работи господине Рушити не ги направивте и не дојдовте до сакаwата цел. Во Законот се вели дека ректор на универзитет може да биде лице кој е редовен професор во Државниот универзитет во Тетово. Тој не бил редовен, бил надворешен професор. Јас немам ништо против оваа личност, но тој е надворешна личност. Значи и овде имаме едно кршење на Законот.

Јас би ве прашал господине министре за случајот на општина Желино, бидејќи не е спомнат во оваа интерпелација. Таа општина се управува од градоначалникот кој произлегува од ПДП, со што градоначалникот ги имал предвид сите законски текови, каио на пример треба да се именува или избира еден директор, бидејќи со вашите ставови кои ги заседовте, за разрешување на директорот избран од градоначалникот на општината, а градоначалникот добил согласност илирешение од органите на училиштето а тоа е согласност од Советот на родителите, од Советот на училиштето. Врз основа на согласноста од овие два совети, тој го именува директорот во Основното училиште во Желино, кој имал лиценца за директор. Вие го прекршивте решението на градоначалникот на Желино кој, велам повторно, се управува од ПДП. Се поставува прашањсето, зошто од сите тие општини во Република Македонија се напаѓа директно општина Желино. Вие таму назначивте лице кое во текот на гласањето во Советот на училиштето, имаше само два гласа, наспроти шесте гласа на кандидатот кој беше назначен од градоначалникот, господинот Кенан Алиу. Сега се поставува дилемата дали ќе се оди непосредно во овие образовни институции, со некој изговор или некоја политичка позадина, јас тоа не го знам. Сигурно времето ќе го покаже тоа. Но, се разбира и од ваша страна треба да се аргументира вашата постапка. Овие работи во иднина не треба да се случуваат, бидејќи постојат закони за основно, средно и високо образование и треба да се раководиме од нив.

Исто така имам едно прашање до вас.

Денес сме 5-ти декември. Во основните и средни училишта има наставници кои немаат решение за работа, работат на определено време, а сеуште немаат согласност од вашето Министерство за да рпдолжат со работењето до 31 август, како што е предвидено со Законот. Значи три месеци поминаа од учебната година, а професорите и наставниците сеуште немаат согласност од Министерството за образование и наука.

Тоа се моите забелешки во правец на тоа што се направени некои прекршувања, паралелно со тие слабости што се случија во Државниот универзитет во Тетово и паралелно со тоа што можеби требаше да се отстранат односно да се надминат тие слабости. Требаше да бидеме внимателни и да ги почитуваме законите за основно, средно и високо образование, а исто така и Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Сакам да одговорам на прашањето што се однесува на општината Желино, бидејќи сметам дека првиот дел од прашањата во врска со Тетовскиот универзитет се елаборирани и ако се следат укажувањата и документацијата, сметам дека проектите кажуваат дека е следена процедурата.

Што се однесува до општина Желино, имам едно прашање.

Ако навистина и пратеникот и градоначалникот на општина Желино сметаат дека тој не прекршил никаков закон во таа процедура и ако градоначалникот сметал дека министерот го прекршил Законот, со тоа укажување, тогаш логично тој не треба да го почитува тоа. Значи, зошто се почитува една одлука која според нив не е направена според Законот. Јас уште еднаш тврдам и мислам дека, ако добро го прочитате Законот за децентрализација, јасно кажува како и на кој начин треба да се бираат директорите. А второто прашње, дали ќе биде тоа само во општината Желино, мислам дека секаде каде што ќе се појавуваат такви аномалии, ние како Министерство, согласно Законот, ќе реагираме.

Уште еднаш, јавно и вас како пратеници ве повикувам, тие градоначалници кои се под ваше политичко влијание, а сите ние знаеме дека голем дел од тие општини сеуште имаат директори со средно образование, не лиценцирани директори, ве молам, бидејќи веќе укажувањата од страна на Државниот просветен инспекторат, ги имате, ве молам да извршите политичко влијание, тие ја сменат таа состојба, бидејќи кога ќе реагира Министерството согласно со Законот, тогаш пак ќе се жалат дека има некој политички реваншизам, а такви општини и училишта каде уште има директори кои не ги исполнуваат законските обврски, ги има полно и ги знаете и вие и ние. Значи, ако понатаму одиме по таа логика, секаде каде што ќе реагира Министерството, тие аномалии кои се утврдени и од страна на Државниот просветен инспекторат и од страна на другите инспекторати во земјата и секогаш кога ќе

реагира Министерството, а се жалите на реваншизам, мислам дека така не му помагаме на процесот на децентрализација и на демократијата во целост.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на излагањето на министерот има пратеникот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Со внимание го сослушав делот што се потруди господинот Рушити да го елаборира. Мислам дека не беше доволно јасен, како прво.

Второ, во опвој дел, господине Рушити на пратениците не смееш ти да им поставуваш прашања. Прашања до претставниците на Владата можат да постават само пратениците. Тоа е еден минус за вас.

Од друга страна, кога спомна дека ќе има лиценцирани директори, кандидатот кој доби согласност од Советот на родителите и од училишниот Совет, беше лиценциран, имаше соодветно образование. Додека кандидато кој ви господине Рушити го назначивте на таа функција е кандидат кој има завршено факултет за предучилишно образование. Тоа значи дека е во судир со Законот. Со Закон не е предвидено директор да биде некој кој има завршено факултет за предучилишно образование.

Второ, колку што јас знам, се додека има жалби во второстепена постапка, од кандидатот избран на легитимен начин од градоначалникот на општина Желино. Кандидатот кој вие го назначивте како директор, не смее да ги узурпира канцелариите на училиштето. Таа работа ја направи вашиот кандидат, а што е во спротивност со Законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јавува министерот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Ако има процедура во второстепена комисија, тоа и ќе се докажува.

Мислам дека слободното толкување на Законот и Уставот, нема да не водат понатаму.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на излагањето на господинот Незири, има Бесим Догани.

Повелете имате три минути.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Јас потполно ссе согласувам со елаборацијата на министерот и би го замолил министерот натаму да не дава никакви образложенија затоа што е јасно дека некои пратеници не само што не ги знаат законските одредби, туку едноставно се обидуваат да се фатат за некои законски членови, затоа што немаат друга тема за дискусија. Ова како еден совет до министерот.

Исто така, би сакал да му реплицирам на мојот почитуван колега од ПДП и да му дадам до знаење некои работи.

Дејствувањето или постапката на господинот Рушити во правец на подобрување на условите за работа и на квалитетот на работата на Универзитетот во Тетово е безгрешна постапка и доколку постои штета, штетата може да биде минимална, иако сме убедени дека нема никаква штета.

Ќе го потсетам господинот од ПДП дека во 1994 година во времето кога тие беа на власт, над 1.000 полицајци со багери и булдужери го нападнаа објектот на Тетовскиот универзитет кои не само што го разрушија, туку во овој случај имаше и жртви, имаше еден убиен, имаше илјадници ранети, малтретирани, затворани. Еден од притворените беше и самиот тогашен ректор на Тетовскиот универзитет, Фадил Сулејмани. Ќе му кажам дека самиот врв на неговата партија во тој период велеше дека факултет се завршува во Скопје и нема потреба од Тетовскиот универзитет.Ќе го потсетам дека најгоркиот и најцрниот период за Албанците во Република Македонија беше периодот кога тие беа на власт. Ќе нагласам само еден случај, случајот на Гостивар.

На крај, не сте интересни како ПДП, не ве земаме на власт во Владата и седете си слободно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Незири една минута контра реплика.

**Сафет Незири:** Почитуван господине Догани, да почнам од крајот.

Вие сакате ПДП да ја земете во власта, но во тоа нема да успеете.

А сега да одам со ред.

Универзитетот не е урнат во канцелариите од ПДП. Од ПДП е основан овој Универзитет. Уривањата можат да ви се препишат на вас.

Вие дојдовте на власт во име на Универзитетот во Тетово и не го легализиравте него, туку направивте пандан на еден државен универзитет. Но, и покрај тоа ПДП нема ништо против Државниот универзитет во Тетово, туку слабостите што ги имате, а вашите слабости се големи. Не кажувајте дека за врелето на ПДП во Гостивар имало вакви или онакви работи. Вие добро знаете што се случи во текот на вашиот мандат.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитуван господин претседател, почитувани пратеници, господин министер.

Сигурно дека ќе бев многу посреќен доколку денес и во други случаи да може и од овие позиции на парламентарните констелации да разговараме за прашањата од областа на образованието и за формите на унапредување на образовните политики затоа што образованието како политика тоа го овозможува, бидејќи таа не само што неможе да биде, туку не треба да биде политика која може да се брани во рамките на тоа што е теснопартиска политика, едновладина или двовладина и уште помалку персонална. Образованието е вредност, неоспорна вредност и поттикнувач на развојните процеси во целиот свет. Како такво, имајќи предвид дека сите имаме

потреба да чекориме напред и сите имаме потреба да ссе развиваме и да ги зајакнавме механизмите кои го водат општеството напред, простор за придонес за придонес кон овој пат имаат сите. Јас барем на тој начин го разбирам моментот кога имав одговорност во тоа Министерство и размислувајќи и работејќи во таа насока, нормално со помошта на многу други и на Парламентот, ние успеавме да ги придвижиме некои работи напред и да надминеме некои проблеми што имавме должност не само кон некои студенти кои 10-тина години чекаа во Универзитетот во Тетово, да се здобијат и тие со статус на студенти во таа институција, да добијат дипломи. Меѓутоа, како и да е, ние го проценивме реализирањето на една таква политика за да се помогнат општите процеси во Македонија за да ги вклучиме и Албанците кои се факултетски образовани, во општите текови, развојни процеси, тие да бидат достоинствени и да го продолжат заедничкиот пат со сите народи во Евроатланските интеграции. Секако ова беше мотивот и причината која нас не поттикна тоа Парламентарно мнозинство да процени и да направи вистински чекор кога го реализира Државниот универзитет во Тетово и работеше во насока на вклучување на таа активност по легален пат, што можеби не е најдобро, најсреќно или најлесно решение.

Меѓутоа, како решение што всушност можеше да се оствари како процес, основајќи трет државен универзитет, каде ќе се предвидеше и трансферот и легализацијата на дотогашната работа на таа институција и, секако, за да се постави таа институција во рацете на законите што ги третираат овие прашања и за да се унапреди и подобри во согласност со законите и со општите развојни потреби на високото образование, посебно на високото образование кај Албанците.

Вашата одлука, незаконска одлука, спротивна на Законот за високо образование и Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово, значи Одлуката за менување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово и особено за назначување со декрет друг ректор, не е предвидено во ниту еден член. Верувајте, господине министре, можете и самите да видите, нема ниту еден член, почитувани пратеници, што во било кои услови би му дал за право на министерот да разрешува или пак, уште помалку, да назначува ректор во една високо образовна институција или установа, како што е Универзитетот. По исклучок, тука во Македонија е Полициската академија, каде што всушност е предвидено дека деканот, односно директорот на Академијата, со закон е определено да се назначува од страна на министерот за внатрешни работи. Во ниту една друга установа, не може да се назначи или пак разреши директор од едноставна причина што таа ингеренција овој Парламент не им ја има дадено на министрите. Тоа беше порано, тоа е сега.

Имало расправа за посебно разгледување на ова прашање. Имаше расправа за повторно разгледување, сеуште постои таа расправа, и мислам дека повторно ќе се отвори. Јас можам таму да го дадам својот придонес, да го кажам моето искуство од тоа време, да кажам кои се предизвиците на еден министер кога има определени ситуации во определена институција или установа и кога се чувствува немоќен да направи нешто повеќе. За да се изнајде пат да навистина се рационализира и работата на установата и за да се ориентира на легален пат, а да е и во функција на политиката, и те како во јавните, во државните установи, меѓутоа и кај приватните, затоа што дипломата што се издава, било во приватна било во државна установа има иста вредност. Таа конкурира на пазарот на труд исто како сите други дипломи. Би ве поддржал во проценката што ќе беше како основа за разгледување на оваа политика, да во оваа област имаме дефекти, во оваа област има потреба за разгледување на политиките, предвидувајќи уште многу други варијанти, посилни ингеренции на некој државен орган во определени ситуации. Тоа го нагласувам. Исто и за ситуации дефинирани со закон кога министерот, Владата или некој друг орган би можел да биде поефективен и ефектен за реализација на оваа политика.

Но, за жал или можеби за среќа, поради една или две причини во Законот што е постоен, актуелен, на кој што се повикувате, нема ниту една ингеренција што му дава за право на министерот да разрешува или пак, уште помалку, да назначува ректор. Ова го аргументиравте вие со цитирање на членот 181. Тој е таков каков што е. Сосема е вистинито тоа што го рековте вие, кои постапки треба да се следат. Меѓутоа, таму, ниту вие прочитавте, ниту пак ние можеме да видиме и да прочитаме дека има некој став, член или пак дел од членот каде што би се аргументирало и оправдало, би го озаконило вашето дејствување, вашата постапка за именување на ректорот.

За жал, ова е така. Сето она што вие го велите за тамошната ситуација, за неубавата ситуација, за моментите што произлегуваат од инспекцијата што всушност и не можат да бидат дел од нашите сомневања или за тоа дали имате или немате право да ја правите таа работа, вие тука не сте за таа работа. Вие, немаше да добиете интерпелација доколку преземавте мерки и да ги разгледате дипломите. Тие се основа за анулирање. Поништувањето на тие дипломи, сето она што Инспекторатот го направи и на што вие се повикувате е една поволна основа, основа што би била за разгледување и би не притеснила сите нас да се засноваме на вашата понатамошна работа, доколку со постапка, предвидена со членот 181 би го направиле тоа. Но, вие тоа не го направивте.

Вие, на 6 октомври го разрешивте ректорот. Потоа испративте инспекција и пратениците тука, како што беше нагласено од претходните говорници, порано, на пратениците тука им е јасно дека ова

послужи како аргументација за вашиот чекор, како алиби за тоа. Но, никако да го аргументира тоа што вие го донесовте како одлука. Не поради аргументација или логичко дејствување или постапување ваше, туку едноставно за процедурални постапки. Еднаш го сменивте ректорот, назначивте друг ректор, а потоа праќате инспекција или пак донесувате заклучоци и врз основа на инспекцијата, што се од датите што се нагласени тука.

Тоа значи едниот заклучок по датумот 13 октомври, што следи после него, после менувањето на ректорот, тоа значи 13 октомври, па потоа 24 октомври, па потоа продолжуваат другите. Тоа значи сите документи што произлегуваат следат после вашата постапка. Како и да е, колку и да се тие вистинити, тие никако не можат да бидат основа за ваше постапување. Како што реков, секој ќе види дека се тоа пост фестум, што се однесува до прашањето на двете одлуки што вие всушност ги донесовте.

Доколку сега, а ова треба да ви биде јасно, нема потреба ние да аргументираме дополнително, дури би рекол ниту пак многу да се согласувам со вас или со сите други кои велат дека нема потреба многу да се должи оваа работа, затоа што оваа работа е јасна.

Тука е прашањето што ние со интерпелацијата сакавме да го верифицираме, потврдиме ставот на парламентарното мнозинство. Затоа што од моментот кога прашањето излегува за интерпелација и нешто што дотогаш било вина или грешка на министерот, со гласањето или негласањето на интерпелацијата, во зависност од резултатот, тогаш станува дел од одговорноста на оние кои ја поддржуваат таа одлука. Според дискусиите тука, парламентарното мнозинство е убедено дека вие сте постапиле добро. Дека сте постапиле законски, според она што го кажа и господинот Ѓорчев. Тука завршува вашата лична одговорност. Сега, таа се пренесува на одговорност на целото парламентарно мнозинство и на Владата и одговорноста за таа работа, секако, ја има парламентарното мнозинство кое што ја презема таа одговорност. Всушност, тука, целото ова аргументирање, вакво или такво, завршува со гласањето кое што гласање е во согласност со политичката волја, а никако во согласност со аргументите.

Сега, што се однесува до аргументите, еднаш за да биде на чисто, тоа беа писмата што јас, како укажување сум ги испратил до Државниот универзитет во Тетово, што вие сакате да ги искористите како аргумент за тие 6 месеци. Вие и самите увидовте дека тоа не оди, затоа што укажувањата што јас ги испратив, тие се во однос на определени прашања. Сигурно дека и за овие прашања, но всушност за тоа што Државниот универзитет во Тетово овие сегменти ги надмина.

Воглавно, најострото писмо што го прочитавте беше во однос на забавувањето и работата , за мене тоа што било незадоволително во однос на Универзитетот, за реализација на трансферот на студентите од поранешната структура во Државниот универзитет во Тетово со, всушност до крајот на 2005 година, како што беше предвидено со двата закони. Со Законот за високо образование и со Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово. Таа одговорност со многу напор, дури и со придонес и помош на другите кои беа надлежни, тоа го надминаа и го остварија.

Според остварувањата, тоа ќе беше основа да се направи како такво. Ова го велам не да ја оправдам работата на Државниот универзитет во Тетово дали е добра или лоша, туку за да ги издвојам работите, затоа што таму кога се зема за основа да се реши прашањето на Државниот универзитет во Тетово, ние знаевме дека тоа не беа идеални решенија. Дека не ги донесуваме идеалните решенија. Но, дека правиме еден избор што лека-полека, со помош на сите, врз основа на академски начела и Законот ќе се канализираат во определено темпо.

Ние помогнавме колку што дозволи Законот во оваа насока. Сигурно дека имало потреба многу да се помага и понатаму, така што вие постапувате добро што барате да се пополнат непополнетите места. Тие се проблем за акредитација. Тоа се 60 и неколку места. 54 места останаа уште од времето кога ние ги имавме гарантирано како места. Тогашното раководство не го реализира тоа и тоа беше една од најголемите забелешки мои кон таа установа заради неажурност, недејствување или непостапување во согласност со потребите. Тоа е една критика.

Меѓутоа, критиките, укажувањата, инспекциите и овозможување на услови и другите прашања, мислам дека не е причина за да се разреши еден ректор. Затоа што едноставно, во овој Закон тоа право се уште го немате вие. Го нема ниту Владата. Тоа го има Парламентот, да ја разгледа ситуацијата. Вие самите прочитавте што треба да се направи доколку овој материјал, уште еднаш ќе кажам, доколку дојдеше тука, во парламентарна постапка.

Со полна одговорност велам дека, навистина, за прашања што всушност се девијантни и не можат да се прикријат, верувајте нема можност никој да ги одбрани. Ниту ние како опозиција, затоа што и јас би се зацрвенел, сигурно би не ставиле во незавидна позиција доколку ние го бранევме овој материјал, а вие да не покренете постапка, предвидена со закон, за таму да се уреди работата.

Меѓутоа, вие го направивте првиот чекор, пред да го направите она што потоа го направивте. Поради оваа причина, всушност, ви е доставена интерпелација. Не од причина што вие таму ќе правите контрола, ќе најдете фалсификувани дипломи, ќе ги најдете сите нерегуларности и незаконитости други, за што мислам дека имате право и сте обврзани со закон. Тоа право не може никој да ви го одземе.

И, уште едно друго прашање. Бидејќи не сакам да должам многу, да кажам дека се работи за аспектот што вие бесправно се ориентирате, врз основа на третиот записник што е од други инспектори. Не од првите инспектори, од двајцата господа кои нема потреба да ги именувам, кои доаѓаат до констатација дека Сенатот е ништовен. Значи, дека сите одлуки се прогласуваат за ништавни.

Земајќи ја предвид непотребноста од образложувањето, вашето оправдување со оваа констатација, сметам дека тоа е грешка што ја правите а не смеете да си ја дозволите, затоа што прогласувајќи го Сенатот за ништавен, всушност вие не само ректоротот, кој ја залекува оваа работа или пак кој го потполнува законскиот аспект, затоа што и во тие ситуации нема можност ректоротот да се разрешува и посебно да се назначува, меѓутоа, ако поставите знак на прашање за оваа работа и доплomите и актите на Универзитетот кој тие две години или колку што работи ректоротот таму, само затоа што, ако нема органи, тогаш нема ниту Универзитет.

Во Универзитетот тој е оној орган кој треба со закон и дека инспекторите таму дошле до неосновани заклучоци, ќе се обидам и тоа да ви го аргументирам. Затоа што не е вистина, ќе повторам дека не е вистина дека Сенатот бил нелегитимен. Поради оваа причина таму, при конституирањето на Сенатот, всушност со сите проблеми што тогаш се наметнуваат на Тетовскиот универзитет за разни кругови, што всушност и вие ги знаете или пак би биле свесни за нив, затоа што тоа се случуваше во Тетово, се одржа во Министерството за образование, во присуство на меѓународниот фактор, претставникот на ОБСЕ на таа седница, со цел да се овозможи легален старт, свесно поради потешкотиите понатаму што можат да настанат, но како и да е, требаше легално да се отпочне.

Тука не велам дека нема ниту еден пропуст. Не велам дека нема ниту еден проблем што би можел да биде дел од забелешките, како што и е дел од забелешките на последниот записник. Едниот заклучок вели да се пополнат досиејата на ректорите и се говори за студенти. Сосема нормално дека не може да се спори дека Сенатот, врз основа на тоа што не е од редот на професорите, тоа се девет лица, со констатацијата воглавно за нив дека не се од редот на професорите.

Почитуван господине министре,

Да ви кажам дека во Законот пишува, во членот што верувам дека сега го знаете подобро од мене, пишува дека кога Сенатот се основа од претставници на професори и од редот на професорите и од редот на научните советници и студенти, во овој контекст професорите не се со закон обврзани, туку со статут. Доколку вие барате да професорите, само на повик, да бидат единствените во Сенатот, прво тоа не е случај во ниту еден универзитет, ако сакате земете го и Штуловиот универзитет или пак Битолскиот, мислам дека само Скопскиот ја има уредено таа работа. Таму со статут е предвидено, сигурно поради традицијата и кредибилитетот да има само професори, затоа што Сенатот таму е таков. И со кредибилитет. Да нема доценти. Денеска, во сите институции, освен Скопскиот, има доценти, има луѓе кои се од редот на професорите, во смисла доцент, нередовен професор и редовен професор. Смислата на Законот не е од редовни или вонредни професори, туку е од наставниците. Тоа се доцентите. Дури и ректор. Значи и ректор, кога нема професори. Се поставува од редот на доцентите.

Ова не може да биде база или основа за ова прашање. Мислам дека повикот за да се поништи Сенатот врз оваа основа е неосновано. Доколку работите така, тогаш да ве прашам колку сенати треба да поништите? Тоа не е во ред.

Друго прашање, за основање на Универзитетот. За тоа се потребни тројца доктори на науки за првата година и тројца доктори на науки за втора година. Докторот на науки, првата градација ја добива како доцент. Тој, начелото на градење на Сенатот, што е орган на Универзитетот, не може да биде повисоко од начелото на основањето на самиот Универзитет. Значи еден нов универзитет, до лани, само професорот Алајдин Абази беше во Универзитетот на Југоисточна Европа. Сите други, по исклучок, кои биле редовно вработени, биле доценти. И денеска има доценти во Сенатот, најмалку двајца. Да не кажам во другите приватни институции. Не мислам дека имате потреба врз оваа потреба и она друго прашање дека нема нострифицирана диплома или не знам што. Тоа сами сте заклучиле, што инспекторот рекол да се дополнат документите. Тие документи не само што им требаат на Сенатот, туку им требаат и на вработените на катедрите каде што се вработени.

Забелешката на третата инспекција важи, кога се вели дека таму, всушност, треба да се пополни документацијата. Да се дополни, што е во ред како забелешка. Оваа причина, како прашање што се искористило, откако се сменил ректоротот или се назначил новиот ректор, мислам дека со сета моја добра волја, да го анализирам од сите страни, во функција на објективноста кон ова прашање, сепак нема никаков аргумент.

Анализата на Сенатот ја направи свесен дека вие, со гласањето на мнозинството ќе гласате согласно со политичката волја и вашиот договор. Тоа е сосема нормално во парламентаризмот. Немојте да се повикувате на легалност или законитост или пак на непочитување на законите, затоа што за едно такво нешто нема основа.

Ова го правам најмногу поради тоа што овде јас не сум излегол да го штитам ректоротот или поранешниот ректор. Ниту пак да навредувам ниту пак да речам дека ректоротот што вие сте го именувале е полош или пак е помалку заслужен од оној порано. Тоа е прашање на органите што тоа ќе го проценат таму. Кој и да е во таа институција или установа, јас ќе му посакам убава работа, успешна работа, да ја зајакне таа

установа, да ја направи достоинствена и заслужна, што се однесува до нашите општи потреби за една вистинска институција.

Меѓутоа, го жалам оној ректор кој ќе биде оневозможен да ја игра таа улога. Поводот и причината што ќе го има името, дека е единствениот ректор именуван, можеби и во светот, ајде да не речам во светот, меѓутоа во Европа, еден таков именуван, назначен ректор од страна на министерот, затоа што ова не е предвидено со закон, нема да биде добро и нему ќе му биде тешко да работи во оваа насока, зошто и вие рековте дека имате интенции и стремежи и т.н.

Значи, сметам дека овој чекор беше не само незаконски, туку и непотребен и прашањата кои вие ги покренувате како легитимни и во согласност со Законот не се прашања кои не можат да дојдат тука во Парламентот да се дискутираат, како што се вели и во членот 181 и спорењето на Сенатот не треба да се направи не затоа што не е вистина тој Сенат е нелегитимен, затоа што тој Сенат има само една од надлежностите за назначување на ректор или негово сменување. На крајот на краиштата, може да се разреши ректорот и да не постои, затоа што ректорот беше убеден да ја затвори устата и да не проговори. Инаку, многу лесно ќе беше да се откаже, да даде отказ и тука воопшто да не дискутираме за разрешување на ректорот и да разговараме само за назначувањето на ректорот. Затоа, немате потреба ниту вие ниту било кој друг, посебно овие двајца инспектори кои донеле заклучок дека Сенатот бил ништовен или неефективен. За да се аргументира тоа што се направи со вашата одлука, нема потреба и дека Сенатот има многу поинакви ингеренции кои се поврзани со интересите на студентите и професорите и немаат ингеренција за назначување и разрешување на ректори.

Затоа, јас мислам дека ова не е добро и нема да биде добро за сите нас, затоа што во моментот кога и Европската унија ни испраќа перпоарки и забелешки за политизација на администрацијата, што е евидентно и е на штета на зајакнување на нејзините капацитети, верувајте почитувани пратеници, кој ќе биде аргументот кога во духот на овие критики и овие препораки, ние не само што не прашуваме за администрацијата, туку имаме храброст и именуваме противзаконски ректори на Универзитетот, кој има своја автономија што е предвидена со Уставот и законите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Андоновска Марија бараше реплика. Повелете три миниути.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Положани, дали автономијата за вас претставува безредие, самоволие и непочитување на законите? Вие треба да знаете дека некој навистина е подготвен да го спречи тој непотизам, корупција и криминал што се случувал на Тетовскиот универзитет и да им овозможи на оние кои студираат таму услови за студирање онакви какви што заслужуваат. Оваа Влада, вклучувајќи го и почктуваниот министер за образование и наука господинот Сулејман Рушити, за разлика од претходната во која и вие бевте министер за образование, се залага за нула толеранција на криминалот. Вие со вашата тогашна работа ги направивте студентите од Тетовскиот универзитет да бидат жртви на тој криминал. Секој од тие студенти се вложил себеси и инвестирал се со цел да добие соодветно и квалитетно образование. Голем дел од тие инвестиции само тие и нивните родители знаат колку тешко ги обезбедиле.

Моето прашање до вас е: Малку ли ви беа сите тие студенти, па инсистирате и во иднина да продолжи таквото криминално дејание на штета на студентите, продолжувајќи да ги оштетувате и во иднина.

Знаејќи го сето тоа што се случувало на Тетовскиот универзитет и непреземајкќи ништо тоа да се спречи, вие господине Положани како тогашен министер за образование и поранешната Влада не само што сте соучесници, туку сте и директни учесници во тој криминал и треба да им се извините на студентите и да сносите одговорност за стореното. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има контрареплик? Нема.

Во тој соучај, реплика за господинот Мендух Тачи, три минути. Повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам господине претседателе.

Мене лично ми се виде дискусијата на господинот Положани еден начин за да воспостави нормална комуникација не за да се напаѓаме меѓусебно и мојата реплика, така да ја наречам, ќе биде во таа насока и ќе има таков пристап.

Вистина е господине Положани дека во демократијата процедурата е нешто свето и не смее да се прекршува. Доколку го следите и ги кршите процедурите, тие ќе бидат слободни. Но има една голема вистина, реалноста, насилната реалност во Република Македонија и албанското општество. Без да имам настојувања да кажам дека вие сте клучниот одговорен или некој друг, реално во албанското општество системот на вредности е паднат многу долу и јас немам морално право денес вас лично да ве обвинам за тоа што се случило во Државниот универзитет во Тетово.

Доколку го сакате моето искрено мислење, работата не е подобра и на Универзитетот на Југоисточна Европа. Значи отворено и за ова ги признавам ударите кои ми се упатуваат. Зошто да криеме? Да го криеме непотизмот-врие во Унвиерзитетот на Југоисточна Европа, корупцијата врие, можеби не во сразмерите на Државниот универзитет во Тетово, но законот ќе важи и таму и на Универзитетот Кирил и Методиј. Можеби е уште полошо, јас сум стоматолог и знам дека многу тешки пари треба да се платат кога се полага Патофизиологија. Во Приштина Патофизиологија беше многу тежок испит. Сега

вака ако ги анализираме работите што треба да очекуваме пет,шест или седум години да не удриме на тој криминал.

Интервенцијата на министерот во Државниот универзитет во Тетово ја наречувате како нелегитимна и кршење на процедурата. Но освен тоа, ова не е игра на зборови, ова е еден искрен пристап за да ја извлечеме таа институција. Зошто го велам ова? И вие и госпоѓа Арифи направивте една игра со зборови, затоа што рековте дека тој Сенат е распишан од Инспекторатот и е ништовен. Зошто не ја кажете и другата реалност. Тој Сенат го изгласа овој вршител на должност. Не вие, некој друг ќе рече, од заканите кои ги направивте, ја затвори устата и ректорот. Ова функционира и кај поранешната власт со истите методи на постапки и дефинитивно, да не заборавиме еден елемент околу Државниот универзитет во Тетово. Имено, има над 150 илјади неформални лица кои ја штитат и ја обезбедуваат таа институција. Ве уверуваме дека ако не сме интервенирале на Универзитетот на Југоисточна Европа, нема да интервенираме, искрено барам млку време од вас и нормално, министерот е тука, ќе биде и по еден или два месеци, Интерпелацијата е во ред, но фактите покажуваат дека интервенцијата беше неминовна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има контрареплика? Нема.

Има збор пратеничката Мирјана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

До сега слушнавме повеќе дискутанти, секој со свој агол на гледање и анализа на состојбите во Државниот универзитет во Тетово. Јас се пријавив за дискусија бидејќи се чувствувам повикана особено кога станува збор за високото образование, бидејќи имам 15 години стаж во универзитет од образовен систем и тоа почнувајќи од помлад асистент до помлад професор.

Почитувани колеги пратеници, како и во секоја професија каде што сакате да изградите професионална и успешна кариера, макотрпен е и релативно долг патот и тука во унвиерзитетското образование, односно неминовно е потребно за една личност да се стекне со звање доцент да измине временски период од 8 до 10 години научна и образовна надградба, а уште толку за да се стигне до звање вонреден односно редовен професор. Се подразбира дека основна претходна академска титула за да се стекнат наведните звања е да се биде доктор на науки. Значи потребна е долгогодишна професионална кариера.

Според тоа, лесно е да се констатира дека на универзитетите фундамелнталните академски критериуми се мошне високи, а да не зборуваме за задолжителното перманентно научно-истражувачко усовршување во соодветната научна област. Зошто е тоа така почитувани колеги? Одговорот е многу едноставен, да не кажам прост. За да им се обезбеди на студентите високо професионална и стручна едукација од најкомпетентни наставници и соработници, а што е предуслов за обезбедување на квалитетно профилирање на младите, што пак им ветува конкурентна предност на пазарот на труд било каде во светот, затоа јас лично на проблемот што се констатира на Државниот универзитет во Тетово гледам како на проблем од научно-образовно знажење и сметам дека тука треба сите да дадеме соодветен придонес за надминување односно елиминирање на констатираните девијантни појави односно аномалии, а никако не гледам како на проблем на двете албански политички партии, бидејќи и едните и другите, а и ние од другите политички партии како пратеници во Собранието на Република Македонија, од општ заеднички интерес ни е нашите универзитети да генерираат квалитетни и само квалитетни кадри кои ќе можат да придонесат за економскиот, социјалниот и културниот развој на нашата татковина.

Од изнесените аргументи на Државниот просветен инспекторат се констатира незаконско функционирање на Универзитетот од самото основање, односно формирање до моментот на интервенирањето од страна на Министерството за образование и наука. Имено, флагрантно кршење на Законот за високо образование има уште во фазата на регистрирање на Универзитетот, односно во постапката за избор на ректор и постапката за конституирање на органите на Универзитетот, поточно Сенатот како компетентен орган за вршење избор на ректор. Во Државниот универзитет во Тетово практично овие избори односно постапки вршени се по обратен ред, што претставува непочитување на Уставот и законските одредби.

Понатаму, од експозето на министерот и Извештајот на Државниот просветен инспекторат се констатирани и други но многу суштински моменти кои водат кон изведување заклучок дека практично Универзитетот не располага со соодветн наставнички и соработнички звања согласно Законот за високо образование.

Според тоа, би сакала за крај да потенцирам дека во конкретниот случај универзитетската автономија е прекршена, но не од страна на министерот, туку од страна на универзитетскиот менаџмент.

Почитувани пратеници, со интервенцијата на министерот за образование и наука, не е нарушена универзитетската автономија на Државниот универзитет во Тетово, туку напротив, со неговата интервенција е стопирана универзитетската анархија и незаконското работење на Универзитетот. Стопирано е натамошно девалвирање и деградирање на институцијата универзитет, на институцијата универзитетски професор, на институцијата студент и воопшто на високото образование.

За крај, почитувани пратеници, сметам дека не е во ред кон студетите, чија едукација е во тек на Државниот универзитет во Тетово поради незаконското работење со Универзитетот од страна на менаџментот да се постапи согласно член 181 од Законот за високо образование и во таа насока, ја ценам одлуката на Министерството за образование и наука да продолжи со работа Универзитетот, со тоа што ќе се интервенира со соодветни наставнички соработници, за да се обезбеди компетентно и квалитетно едуцирање на соодветните профили кои се запишани на тој Унвиерзитет.

Благодарам, ако има потреба ќе се вклуам пак.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Благодарам почитувани пратеници.

Имам реплика до пратеничката која говореше порано, која мисли дека основањето на Тетовскиот универзитет е проследено со многу незаконитости. Јас сакам да кажам дека е сосема нормално секое основање, кога со децении недостасувало високото образование на Албанците врз основа на основање на еден таков универзитет, секако има тешкотии. Меѓутоа тоа е завршен акт, мислам на основањето на Тетовскиот универзитет и не е на дневен ред основањето на Државниот универзитет во Тетово, туку на дневен ред е еден друг проблем. Мислам дека сите пратеници треба да бидат свесни дека доколку се создаде практика во име на една аномалија или на некоја политичка цел и политичка желба за подобра иднина, да не се има трпение за почитување на законските и уставните норми, тука се говори за почитување на законските норми со цел и самите покомпетентни органи и лица да докажат дека се тие се подложни на уставните и законските норми со цел да постават демократски стандарди. Овие стандарди се потребни, затоа што ако ја предвидиме ситуацијата во идната деценија со промена на генерациите и на идните власти, дали ќе се створи практика ректорот на унвиерзитетот да се менува на овој начин. Да го поставиме ова прашање, дали тоа ќе стане практика при менувањето на властите во идниот мандат, министерот да може да го менува ректорот или не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика за Мирјана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Јас не размислувам како колегата за жал, но сметам дека, напротив, кога се конституира нов универзитет треба да бидат запазени сите критериуми. Што ако станување збор за конституирање на некоја нова клиника? Значи ли тоа дека ако умираат пациентите ќе требаше да не се интервенира, ако истите ги лечеа несоодветни хирурзи или доктори?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникто Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, денес на расправа имаме Интерпелација за работата на министерот за образование, господинот Сулејман Рушити. Интерпелацијата е според мене демократско право и тука нема никаков проблем во однос на поднесување на Интерпелацијата. Таа всушност претставува можност за контрола на законодавната власт врз извршната власт, што како механизам треба да се почитува и така треба да продолжи и во иднина.

Меѓутоа, во текот на овие неколку дена расправа имам чуваство дека оваа Интерпелација е избрзана, дека е оскудна со информации и дека не се базира врз реалната состојба. Мој личен впечаток е дека колегите од ДУИ во овој момент би биле посреќни оваа Интерпелација воопшто да не ја поднесеа за разгледување во Собранието на Република Македонија, поради тоа што со реални показатели, со реални позиции кои беа изнесени во текот на расправата овие неколку дена навистина реалниот впечаток е дека министерот Сулејман Рушити постапил многу храбро, постапил многу решително и тоа во насока на оправдување на два базични постулати, а тоа е квалитет во образованието и владеење на правото во Република Македонија Не сакам апсолутно да се добие призвук дека оваа расправа се води на релација меѓу двете најголеми политички партии на Албанците во Република Македонија. Тоа би било прво на штета на тие две партии, а после и на целата држава. Квалитетот во високото образование мораме да го обезбедиме сите и мора да важи за сите.

Кога дискутираме за состојбата на Тетовскиот универзитет, всушност треба да проектираме политичка волја дека обезбедувањето квалитет во високото образование значи квалитет во сите државни универзитети во Република Македонија, значи квалитет во сите приватни универзитети во Република Македонија. Тоа што состојбата во Државниот униврзитет во Тетово ескалирала до тој степен што ние како пратеници добиваме материјали од 50-100 страници во кои поименично се позиционирани прекршувања нас процедурите, потоа прекршувања на напредокот во наставно-научните звања, кои се прецизно позиционирани прекршувања во однос на материјално-финансиско работење на Државниот универзитет во Тетово, можеби дало приодитет на овој Универзитет. Јас не би сакал да претпоставувам каква е состојбата со другите високообразовни институции, меѓутоа, апсолутно законот мора да важи за сите и оваа дикусија ја сваќам единствено како имање политичка волја да се обезбеди квалитетно високо образование во Република Македонија. Ние имаме доволен обем на претходни информации. Како што потенцирав, добивме материјали во кои суштински се прецизирани прекршувањата односно работењето, незаконското работење на Државниот универзитет во Тетово. Тука не смееме да правиме разлика во однос на етничка или религиозна припадност.

Ние мораме да ги прифатиме цивилизациските преднсоти, и мораме да  прецизираме дека квалитетот во високото образование има исто значење и за студентите Македонци и за студентите Албанци  и за студентите Турци и така натака и така натака.

Ние мораме да водиме проактивна политика во насока на обезбедување на квалитетно високо образование. Она што се случувало како нарушување на владеењето на правото во Државниот универзитет во Тетово, според мене секако дека провоцирало многу разумна, многу решителна и многу храбра постапка од страна на министерот за образование Сулејман Рушите.

За да не се навраќаме по педесет пати на она што било незаконски во работата на Државниот универзитет во Тетово, јас би споменал само накратко изборот на ректорот, регистрацијата на Државниот универзитет во Тетово, составот на Сенатот и икс икс други работи.

Би поставил едно суштинско прашање. Што, ако министерот за образование не презема ништо во однос на состојбата во Државниот универзитет во Тетово. Кој ќе беше губитникот од целокупната состојба во Државниот универзитет во Тетово, дали пратениците кои седат овде, дали минситерот за образование, или пак студентите кои студираат на тој Универзитет. Понекогаш можеби е тешко политичарите да се соочат со сопствените одговорности, меѓутоа е правилно кога тоа е водено од позитивна намера и кога таа намера проектира позитивни резултати. Јас сум убеден дека во овој конкретен случај, навистина станува збор за таква состојба. Оваа Влада преку проектите што ги започна, има намера да ги промени состојбите во образованието во Република Македонија. На повидок е воведување на задолжително средно образование, на повидок е можноста за приватно основно образование во Република Македонија. Мора да се продолжи со поддршка на трите државни универзитети во Република Македонија, така и ја сваќам согласноста од Министерството за финансии, за ангажирање на сто нови професори односно наставно-научен кадар во Државниот универзитет во Тетово. Апсолутно исто треба да се продолжи и со иницијативата  за формирање на нов државен универзитет во Источна Македонија, со седиште во Штип и т.н.

Еве на кратко толку, за да оставиме простор и другит еколеги пратеници кои се приајвени, да имаат можност да се искажат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Буџаку, имате три минути реплика.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине Георгиевски.

Колегата Димовски има еден политички речник кој посебно ќе им се допадне на тие кои мислат дека Европа само верува во празни зборови. Но владеењето на законот и контролата на Парламентот во однос на извршната власт се основите на правната држав. Има една категорија која е штетна во политичката терминологија или лоша кога се споменува, а таа категорија е фелс пејт, неуспешни држави. Државата потфрлува кога извршната власт го крши законот. Овде можеме да зборуваме на широко, но  аргументите и документите се напишани и овде и највештиот политичар, тоа што е напишано не може да го оспори.

Јас ќе псотавам едно прашањ.

Ако сака господинот Димовски да ми одговори, до колку е вистина сето тоа што се кажа за нерегуларности, незаконско работење на господинот Рушити, јас би го прашал врз основа на која уставна или законска основа се назначува новиот ректор. Значи извршната власт во име на борбата против девијантните појави може да оправда се, но не може извршната власт да интервенира и да именува директор со диктат. Најавија дека ќе продолжат и во другите универзитети, бидјеки состојбата не е подобра воопшто и во другите унвиерзитети. Значи се врши едно флагрантно прекршување на правниот систем, до колку не се почитува Уставот и законите кои се во сила. Овој Парламент кој треба д аја контролира извршната власт, по се изгледа ќе го донесе сето тоа во име на кого и на што, господине Димовски. Дали може да ми одговорите како може да усвоите кршењето на Уставот и законите. Има и други начини кои се искажаа. Вашите констатации не се напишани. Може да има, како што се рече од претходните говорници, кршење на законите во Универзитетот”Кирил и Методиј”, или во Државниот универзитет во Тетово, но има постапка и процедура за тоа. До колку се интервенира и со диктат се направи и со указ се назначи ректор на универзитет е кршење на академска слобода, а ова кршење на академската слобода е една слобода која е стекната со векови во цивилизирана Европа. Таа цивилизирана Европа не набљудува.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Димивски, контра реплика од една минута.

**Илија Димовски:** Почитуван колега Буџаку, јас ви благодарам за репликата. Веојатно кога зборувате за прекршување на Законот, мислите на овие 50-тина страни кои ги добивме од Државниот просветен инспекторат што и на која страна да отворите имате поименично луѓе со звања добивани пред да дипломираат, со не нострифицирани дипломи и т.н. Не би сакал да читам. Неколку пати колегите пратеници читаа. Има имиња. Еве пишува, избран во наставно-научно звање редовен професор, а не е најдена диплома за завршени докторски студии и т.н. Значи ова е материјал кој го имаме сите. Прашањето е на чија штета се толерирало работењето на Државниот универзитет во Тетово, на ваков начин.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Морам да реагирам на неколку застрашувачки формулации искажани од колегата пратеник во текот на неговото излагање.

Единствено што се согласувам со него е тоа дека ние како Парламент треба да ја зголемиме контролната улога на Парламентот. Меѓутоа тоа нема да го направиме, почитуван колега, до колку ги реалтивизираме, како што беше направено во вашиот случај, флагрантното кршење на Законот и на Уставот, од страна на минситрите и на Владата. Тоа сигурно нема да го направиме и тоа сигурно не оди во прилог на унапредување на квалитетот на образованието.

Прво, тоа што вие го потенцирате не е точно. Не е точно дека ние дискутираме за состојбите на Државниот универзитет во Тетово. Ние немаме таква точка на дневен ред. Ние дискутираме за тоа како министерот постапил за да реши одредени проблеми, согласно механизмите што му ги дава Законот и Уставот. Тоа го дискутираме. Не може за тоа да ни биде аргумент дека постапил многу храбро и многу решително. Дозволете, јас можам, до колку имам моќ, да дојдам да ве затворам само заради тоа што е тоа правилно, бидејеки сум водена од позитивна намера, како што велите вие, заради тоа што се зборува дека сте вие криминалец. Нема оправдување за такво нешто. Не за џабе ги носиме законите во Собранието. Има процедура која до колку беше исполнета од страна на Владата, од страна на минситерот, немаше да има пратеник кој ќе можеше на министерот или на Владата да даде забелешка. Јас воопштоне сакам да навлегувам во состојбите на Тетовскиот универзитет. Јас како претседател на Комисијата за образование инсистирав да се дискутира за тоа на Комисијата, но ние ниту имавме расположение да имаме таква седница, ниту пак ги добивме материјалите од директорот на Државниот просветен инспекторат. Кажете ми зошто е тоа така. Зошто директорот на Државниот просветен инспекторат ги криеше извештаите од Комисијата надлежна да дискутира за состојбите во образованието, кога има обврска да го направи тоа, а не да ги добиваме материјалите дента кога дискутираме за интерпелација на минситерот, како аргумент за тоа или како изговор за постапките на министерот. Нема изговор за кршење на законите и на Уставот.

Владеењето на правото е една од главните добивки на демократијата и една од главните мониторинг процеси на Европската унија. Јас ве прашувам како ќе објасните на било кој политичар во Европа дека автономијата на еден државен универзитет е доведена во прашање со ваков упад и разрешување на ректорот од страна на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Димовски.

**Илија Димовски:** Можеби поквалитетно и посуштински за студентите е да се одговори зошто претходниот парламентарен состав не преземал никакви активности за да се види каква е состојбата во Државниот универзитет во Тетово. Ние можеме тука да се надмудруваме колку сакате и можеме оваа дебата да ја држиме уште недела, две, три, месец, веќе покажавме дека знаеме, меѓутоа квалитетот кој го добиваат студентите во Државниот универзитет во Тетово, е многу посуштински од било која комотна позиција на било кој пратеник, или било кој министер, бивш и сегашен. Тоа е суштината почитувана колешке Грковска.

Она што вие прашувавте, имавте можност да го слушнете од министерот Сулејман Рушити. Мислам дека од политички причини се обидувате неколку пати да поставувате прашање кое веќе доби одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За да нема аверации во однос на темата односно за тоа што дискутираме, што е на дневен ред, дозволете да ве потсетам, имаме интерпелација за работата на минситерот за образование и наука, господин Сулејман Рушити.

Повелете господине Алити имате три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Добро е што го потсетивте мнозинството што е на дневен ред затоа што изгледа, како што дискутираат изгледа не им е јасно што е на дневен ред, значи интерпелација на министерот, или пак ситуацијата каква била или пак каква е во Државниот универзитет во Тетово.

Господин Димовски, сигурно кога не бил во Собранието, ги следел тековите во Собранието и во текот на официјализирањето на Државниот универзитет во Тетово. Сигурно на цеалта јавност и е јасно, како што му е јасно и нему дека неговиот лидер Груевски и парламентарната група, или пак сегашното мнозинство, тогаш беше опозиција и реакциите кои ги имаа против официјализацијата на овој Универзитет, сигурно дека јавноста не ги има заборавено. Верувам дека и господинот Димовски не ги има заборавено тие реакции. Меѓутоа, сигурно дека логиката на ова мнозинство е дека целта ги оправдува средствата и во овој случај е направена егзекуција и сега после "убиството", сигурно дека треба да се собере материјал за да се оправда "убиството" кое е направено, затоа што е многу јасно дека во Државниот универзитет во Тетово, има пуч. Оваа работа така се нарекува во политиката, нема друг термин. До колку има, би било добро да ни кажете.

Јас многу жалам што господинот Димовски лее крокодислки солзи за квалитетот на Државниот универзитет во Тетово, и за тамошните студенти. До колку беше толку загрижен, тој и неговата партија, сигурно дека ќе гласаа за законот за официјализација на Државниот универзитет во Тетово. Меѓутоа вие знаете дека секогаш се случува спротивното и денес сакате да ја префрлите топката, или пак народот вели - се греете на сонце, затоа што мислите дека тоа се случува во некој универзитет во Тетово каде студираат студенти Албанци. Таквата логика мислам дека не ја води државата напред. Не е во интерес на ова Собрание да се развиваат во тој правец дискусиите. Треба јасно да кажеме дали

има или нема повреда на законот. Никој од парламентарната група на ДУИ не е против квалитетот во Државниот универзитет во Тетово. Никој од парламентарната гупа на ДУИ не брани нешто што не може да се одбрани или не треба да се одбрани. Ние знаеме дека имало аномалии. Затоа сте и мнозинство, ги имате сите механизми и треба да се почитуваат процедурите за да се постигне квалитетот за кој што вие трубите цело време. Во спротивно, ова е само една фаса со која што сакате да ја оправдате незаконитоста, и повикувањето на законите што се всушност за нова Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, Илија Димовски, повелете, една минута.

**Илија Димовски:** Ви благодарам господине Алити за позициите кои што мислите дека парламентарното мнозинство ги има. Очигледно не можете доволно да набљудувате што навистина јас сум кажал во мојата дискусија, и би ве замолил да не ми го оспорувате правото да зборувам за квалитетот на високото образование во Република Македонија, било да зборам за Државниот универзитет во Тетово, било да зборувам за останатите два државни универзитети и повеќето приватни универзитети во Република Македонија. Да беше интерпелацијата стручно подготвена, веројатно немаше да биде на еден лист хартија и оскудна, што јас го потенцирав во почетокот на дискусијата. Вие имате проблем очигледен, оваа дискусија да се сведе на препукување помеѓу ДУИ и ДПА. Имаме многу посуштествена тема. Ве молам немојте вашата желба да го отфрлите министерот, да биде подоминантна од она што е денеска на расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодара.

Збор има Агим Рамадани, повелете.

(Со седницата продолжи да раководи Бесим Дугани, потпретседател на Собраниеот на Република Македонија ).

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседателе, ги поздравувам сите мои почитувани колеги пратеници.

Прв пат кога говорев со реплика и не ми беше мило, но сега ќе продолжам да говорам, бидејки зум најавен за збор, иако неколку пати го измествив мојот редослед на говор, убедувајќи дека пред мене не беа господата Азис Положани и Аднан Јашари кои на поинаков начин беа инволвирани во Универзитетот во Тетово и сакав од нив да ги слушнав зборовите, кои за жал не ги слушнав.

Мило ми што господинот Рафис Алити на крајот од неговиот говор рече, веќе сме свесни дека секаде има пропусти и во Државниот универзитет во Тетово имало пропусти. Но, јас ќе му кажам дека таму немало проипусти туку имало криминал, криминал кој е запрен од минситерот за образование, господинот Сулејман Рушити. Зошто го велам ова прашање. Го велам затоа што госпоѓата од коалицијата што бевте во Владата, госпоѓа Грковска рече, ќе работите до таа мера да го оправдате вашето делување во Државниот универзитет во Тетово. А каде бевте вие 4 години на власт, ги релативизиравте работите до таа мера и наопачки го поставивте Државниот универзитет во Тетово, со самата регистрација и со самиот избор на Сенатот кој е нелегитимен. Зошто тогаш не реагиравте. Ако тогаш пропуштивте да реагирате, зошто после тоа, година дена после вашиот минситер за образование, сега бивш, господин Азис Положани, неколку пати укажал на неправилностите кои се случуваат таму. Како круна на се, укажувањето на бившиот ректор Нежбедин Беадини, со обраќањето до Министерството за внатрешни работи каде кажува, имаме 15 фалсификувани дипломи кои се дадени на студенти од Албанија. Не сакам да ги спомнувам имињата, не е коректно. Меѓутоа, тоа е еден факт. Другите факти срам ми е да ги кажам затоа што тој Универзитет е создаден уште 1994 година. Вие по 10 години го реализиравте зборот што го кажа вашиот член на партијата, дали е сега не знам, господинот Фрчковски кој рече - родено едно мртво новороденче. Вие го умртвивте тој ден кога на опаку го регистриравте и тоа не во континуитет како Тетовски универзитет, туку како државен нов субјект. Но нека ви е на чест.

Овие нерегуларности кои ги увидовме, ги регистриравме и се пред нас, не важеа за неколку лица кои биле партиски обоени од позицијата што беше во тоа време.

Зошто ова го велам? Се донесе Закон за Државен универзитет во Тетово, кој се редуцираше до таа мерка што од него се отстранија најболните факултети што се изградија во тој Универзитет. Се прекина факултетот за Медицина и Стоматологија. Ве убедувам дека со кадар беше еден од најдобрите факултети кои се регистрираа на почетокот или се отворија на редовен начин во овој Унвиерзиет.

Зошто го велам ова? Образложението на министерот, на поранешниот министер дека денеска не е присутен, сакав да му поставам неколку прашања, кога го запре Факултетот за медицина и стоматологија, едноставно рече - не го запираме, туку едноставно ќе продолжиме со работењето отворајќи нови паралелки на албански при Св. Кирил и Методиј во Скопје и Факултетот за медицина и стоматологија ќе продолжи да работи во првата студиска година и во втората студиска година. Ова отиде и никаде, ниту еден студент не се запиша на факултетот во Скопје, на Универзиетот Св.Кирил и Методиј. Тоа беше една голема измама. 500 студенти можеби се пренесоа во Приштина и Тирана. Неколку дојдоа до четврта година на студии, некои беа во прва година. Кога ќе пресметаме дека тие студенти потрошиле помалку од две години студии на тој Универзитет, на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет, 500 студенти по две години работа се илјада години работа. Илјада години работење помножено со 4000 евра, тоа е севкупно 4.000.000 евра што се пренесоа во Тирана и Скопје и се деградираа со две години

наназад за предметите што тие ги имаа според нивните курикулуми, на разен начин концепирани.

Одиме понатаму. Законот, новиот закон што го спомнавте, членот од Законот 181, овозможува да се направи трансферот од студентите на Државен универзитет Тетово  на Државен универзитет во Тетово. Рокот беше каток, и ден денеска надвор, на улица останаа околу 1500 студенти незапишани. А, каде се поздипломските студии што се отворија, каде се магистарските звања? Вие не ги земавте во предвид. Ги земавте во предвид само оние што ги видовте попатно дека треба да ги земете.

Ќе ви дадам конкретен пример. Досие број 53 од 2004 година, иницијали АЌ. Го кажувам со иницијали. Во решението на Матичната комисија, студент од Правен факултет мислам дека е, пред да ги заврши студиите, последниот испит го имал пред 2001 година, додека според досието со број 16-98, без да ги заврши студиите, без да го даде последниот испит, му е оспорено досието за маѓистратура, за постдипломски студии. Како се случи сето ова?

Откако завршил со магистратурата, многу мина рекоа , ќе го кажам и јас, за да се издигне еден образовен кадар, треба да постои диференцијација меѓу научните звања и образовните звања. Научните звања се: магистер, доктор на науки. Наставните звања се: асистент, доцент, вонреден и редовен професор. Од асистент до доцент треба да поминат најмалку 4 или 5 години работа во областа на образованието. После ова, според прописите, треба да се свика Матичната комисија од определени професори и да се направи рецензија на работењето, на наставната работа па да му се даде звање доцент. После ова звање треба да поминат најмалку пет години за да се стекне звањето вонреден професор. На крајот редовен професор. Но, ова се од 15 до 20 години работа на еден кадар пред пензионирањето да стане професор, за да ги учи новите студенти. Во случајов тоа не е почитувано.

Господинот АЌ., ќе прочитам на македонски “за избор на наставник во наставно научно звање, кандидатот АЌ., пријавен на конкурсот за избор на наставници и соработници на Државен универзитет во Тетово  се избира во наставно научно звање доцент”. Замислете, 2001 година човекот завршува правен факултет, а во 2004 година станува доцент. Колку е ова време и зошто е направено сето ова? Ова беше под еден.

Сега ќе кажам и за други забелешки. Колку еминентни професори се отпуштија од Тетовскиот Универзитет. Само ќе кажам неколку имиња од Правниот факултет во Приштина.

(Дофрлање од место)

Ве молам, немојте да упаѓате. Јас ве слушав вас. Сега не ви се арни овие муабети, затоа тоа го кажувате.

(Реакција од страна на пратеникот Славица Грковска).

**Љубиша Георгиевски:** Немојте, ве молам, избегнувајте дијалози. За се има време и место. Не ве предупредувам ама вас, ја молам Грковска.

(Пратеникот Грковска и понатаму реагира од место).

**Агим Рамадани:** Ве предупредувам вас поради тоа што вие се правите на Тошо да го поништите. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте со директни обраќања. Држете се до дневниот ред.

(Пратеникот Грковска и понатаму реагира)

**Агим Рамадани:** Продолжувам понатаму.

Со согласност на органите на Државен универзитет во Тетово  се отпушта од работа професор Зејнула Груда. Име во светското правосудство, би рекол. Професор Весел Љатифи, шеф на криминалистиката во поздипломските студии во УИЕ. Се отпуштаат и други професори што не сакам да ги спомнам, само за да се имплементираат, воведат луѓе кои имаат партиски бои.

Сета оваа работа и сите овие работи што се направени, се направени поради тоа, па на крајот сакам да го кажам и сегментот на Желино што го спомнавте малку претходно. Господинот Незири рече - госпоѓата директор нема извод за директор. Еве, ова е изводот или лиценцата и таа лиценца е издадена на 1 јануари, на 18.07. 2006 година кога сеуште вие го имавте вашиот минситер. За да се стекне овој извод треба да се запишеш на соодветен факултет во тоа Училиште за лиценцирање на директори. Нејзиното училиште е прифатено и врз сите овие работи министерот одлучил да ја назначи за директор. Зошто? Не убаво ви ги кажал градоначалникот, за кого рековте дека тој е од вашата партија од ПДП. Не господине. Тоа е и на ДПА, бидејќи со нашите гласови се избира градоначалникот во Желино. Тогаш бевте во коалиција. Да не заборавите. Тоа прво.

Второ, тој го прекрши законот. Претходниот кадар, Нијази Арслани беше со вишо образование. Според Законот, секој директор кој нема завршено факултет по Законот на силата му се прекинува раководењето како директор во училиштата. Нему, со закон не му се изврши ова и наместо да го отпуштат и со предвременото отпуштање, според Законот, треба да се распише нов конкурс за директор. Предвреме не се распиша конкурс, не се разреши и да се воспостави раководен орган, вршител на должност, туку се отвори конкурс. Конкурс со легитимитет. Легитимен според вас. Но, надвор од Законот. Се избира нелегитимен дирктор. Министерот донел решение, градоначалникот реагирал надвор од законските ингеренции што ги има. Направил една измена и тоа сосема на легитимен начин.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики се пријавуваат Грковска Славица, не, не, вие како што реагирате се пријавувате за збор.

За реплика се Рафис Алити, Азис Положани, Незири, Ајше Селмани. Регистрирајте се сите, за да можеме точно да следиме. Добро, четири реплики по три минути, по овој редослед.

Повелете господине Алити вие сте прв, имате три минути за реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина да говориш за инерпелација, и да говориш за тоа каква е состојбата на Тетовскиот универзитет има голема разлика. Ние, како парламентарна група и во интерпелацијата што сме ја поднеле прд вас, никаде не сме рекле или пак не сме дале ниту најмал знак дека ќе го браниме овој или оној ректор. Или пак дека ќе го штитиме. Многу јасно сме напишале во интерпелацијата дека ќе го поддржиме мнозинството за сето она што е направено, но сите прекршувања што се направени на Тетовскиот унвиерзитето, затоа што кога се смени ректорот се трубеше на големо, преку средствата за информирање, за фалсофикување дипломи и не знам што.

Ние тоа не сме го виделе во понудените материјали. Мене ми е мило што колегата говореше за процедури, за постапките, како се доаќа до едно звање. Тоа е вистинскиот и правилен пат. Се согласувам со него дека треба да се оди по тој пат. Да се стане доцент или доктор на науки итн. Меѓутоа, истото нешто важи и за ова мнозинство. За да ги елиминира аномалиите на Тетовскиот универзитет, треба да ги почитува законите, процедурите или постапките. Ова нешто не е направено. Токму поради тоа сме покренале интерпелација.

Што се однесува на репликата или пак на грижата или вознемиреноста што ја покажа колешката Славица Грковска, мислам дека почитуваниот колега треба да ја разбере. Велам дека треба да ја разбере затоа што Славица Грковска гласаше за законот, за официјализација на Тетовскиот унвиерзитет. А, сегашното мнозинство сега во тоа време ја прогласија опозицијата како предавник, затоа што гласаше за еден таков закон, што беше за унапрдување на албанската младина во Македонија.

Оие работи треба да се кажат. Почитуваниот колега го спомнува господинот Фрчковски. Се согласувам со него затоа што факт е дека тој, во тоа време, изјавил дека се родило мртво новороденче. Меѓутоа, факт е дека господинот или пак неговата партија не гласаше за Законот за официјализација на Тетовскиот универзитет, а господинот кој се обиде да држи предавање не го потпишал ниту актот за основање на Тетовскиот унвиерзитет, туку тогаш си отиде.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Агим Рамадани. Повелете, една минута.

**Агим Рамадани:** Не е вистина дека не сум го потпишал. Толку имам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинто Азис Положани.

Повелете, три минути.

**Азис Положани:** На почетокот, господине претседателе, сакавме господинот Агим Рамадани, бидејќи му беше прва дискусија, да му честитам за дискусијата и за фактот што е пратеник, сигурно дека е добредојден и ќе придонесе за работата на овој висок законодавен дом. Сигурно дека ќе бидеме добри колеги. Тоа е добрата страна.

Проблемот е во фактот што господинот Рамадани се зафати да обработи и изанализира една тема, една материја, за која што очигледно не супеал достоинствано да ја изанализира, бидејќи се работи за работи што очигледно дека не сме исто сите подготвени, но за жал, за жал, очигледно и денот беше лош, покажа дека некои работи сепак не можат и не смеат на тој начин да се третираат кога се во прашање некои одредби и начин и на однесување на академската заедница. Мислам дека покажа доста не точности, во тој аспект, а јас не сакам ниту да реплицирам, конкретно на што и како, за тоа што не сакам да го спуштиме нивото на дијалогот.

Трето, се јавува само поради фактот што ме спомна два - три пати со име во еден контекст што мислам дека може и да се злоупотреби со лошо толкување, како што всушност и се има тенденција.

Имено, имал некој ден, некој момент, како што рекол, се обратил до Министерството, како што јас разбрав, за некои фалсификувани дипломи од Тирана, од Албанија и дека се оставаше да се претпостави дека некој тоа не му дозволил да го проследи до крај, со инсинуација дека или можна инсинуација дека тоа од страна на Министерството, па зошто не и од страна на министерот.

Сакам вас да ве уверам господине Рамадани и целата јавност дека такви аргументи за фалсификат на дипломи, четири години колку бев минситер, доаѓаат прво во Министерството и не само од Албанија од сите места, ние пуштаме ургенција до сите факултети, да се проверат. По таа основа јас сум поништил, за време на тој мандат, повеќе од 150 дипломи по разни основи, врз база на анализа, размена на информации што одат преку Информативниот ценрар.

Мојот став, ако сте мислеле на Минситерството или мое лично, во однос на таквите и во јули и во март и мај, и септември во однос на такви дејанија и сега е ист. Секоја незаконски стекната диплома и фалсификат мора да се казни согласно законот и тоа беше она што и тогаш и сто пати и на тој Ректор му е кажано од страна на Министерството и на министерот. А, што тој презел или направил и други работи, сигурно има уште простор да се анализира. Но, тука не смее да има никакво сомневање.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господин Рамадани. Повелете една минута.

**Агим Рамадани:** Очигледно колегата Азис Положани, дупло колега за мене, не слушал до крај. Тој се обратил до Министерството за

внатрешни работи а не до Министерството за образование, меѓутоа тоа не го амнестира од она дека и тој е дел на Владата и тој се обратил на минстерство во кое бил и тој. Тоа значи на Влада, заедно со Министерство за внатрешни работи. Тоа е.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Сафет Незири, три минути, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Бидејќи ми беше спомнато името, всушност јас и сакам да го елаборирам делот кога господинот Рамадани, колку што ми се чини или не ме слушнал или пак се направил дека не ме слуша, затоа што јас во делот на мојата дискусија не спомнав дека госпоѓа Селмите Елези, која ја има назначено Министерството за образование или пак министерот за образование на местото директор на незаконски начин, нема лиценца за директор. Никогаш не сум го спомнал тоа.

Меѓутоа, бидејќи господата Селмите Елези има завршено Факултет за предучилишна возраст, таа не ги исполнува условите да биде директор. Бидејќи господинот Јакуп Лимани ги исполнуваше условите и беше со лиценца за директор всушност тој помина и во Управниот одбор и Советот на родителите е и легитимен.

Затоа е добро да се исслушаме до крај и елаборираме така како што е, всушност, а не само да отвораме прашања и работи што не се аргументирани, за да ја збуниме и јавноста и Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контрареплика?

Господине Рамадани повелете.

**Агим Рамадани:** Вие рековте дека има несоодветно образование, што значи, доколку имала несоодветно образование и факултет, поука - да го прочитам писмото на изводот како може да се направи. Тоа ќе го прочитам.

“Правилникот за нов начин на полагање на испитот за директор на Основно училиште како и формата и содржината”, овој дел е доволен за основните училишта и му дал “за директор на училиште”.

Господине, два пати го велам ова, еве документот е пред мене. Веднаш можам да ти го дадам да го фотокопирам и доставам. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика Има Ајше Селмани, повелете три минути.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Имам прашање до господинот Агим Рамадани, што се однесува на неговиот говор. Говорите за криминал во Тетовскиот универзитет, господине Агим Рамадани. Тие луѓе кои магистрирале на факултетот за медицина во Тетово, факултет кој не е легализиран денес и се предавачи на истиот Универзитет, во тоа сум сигурна господине, дека вие сте запознаени, дали мислите дека ова не е криминал и неправилност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господине Рамадани, една минута.

**Агим Рамадани:** Не госпоѓо, јас не сум предавател, јас бев асистент на професор Барвиќи, кој предавал законска единица. Не сакав да го спомнам, затоа што тој предмет го сопревте на Правниот факултет, затоа што нема кадар од вашата провиниенција и второ, јас не реков дека тие пост универзитетски студии ги направил и се злосторство, но не сте ги актуелизирале и легализирале како во случај што го спомнав како пример. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Блерим Беџети, повелете.

Господине, да ве замолам, имаме уште седум минути до паузата, ќе говорите или сакате после пауза.

**Блерим Беџети:** Мислам дека ќе завршам.

**Љубиша Георгиевски:** Да, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине Георгиевски.

Некои од претходните говориници рече дека денес на дневен ред ни е интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господин Рушити, а не се на дневен ред аномалиите кои што би можеле да бидат во Тетовскиот универзитет. Затоа, би ги замолил сите колеги да говориме со факти, значи нека одговорат на интерпелацијата. Фактички со самиот факт што овој законодавен орган е и основач на истиот, ние сносиме поголема одговорнот според Уставот и законот. Јас како што слушам преку медиумите, сум слушнал и за другите универзитети во Република Македонија дека има аномалии со самиот факт што се коментира преку медиумите, преку разни анкетирања дека во Св. Кирил и Методи и на други универзитети се бараат пари за полагање на некој испит што се спомна од еден друг претходен говорник. Сето ова говори дека постојат аномалии, затоа што доколку немаше аномалии во ова и во сите други области во Македонија, немаше да биде на 105-то место според корупцијата што ја има во земјата. И со самиот факт што Република Македонија според разни аршини, можеби ќе почнам од кројот, што можеби и не е најзначајно, но сепак има своја тежина. Значи, ние имаме Државна комисија за борба против корупцијата која што Комисија има испратено допис до нас, како пратеници, односно како Собрание, каде што се вели, значи предмет иницијатива за преземање мерки во Република Македонија во врска со укажувањето за повреда на Уставот и законите од страна на министерот за образование и Владата на Република Македонија во областа на високото образование.

Значи, почитувани присутни ние говориме за почитување односно непочитување на Уставот, законите и другите законски постапки, односно за Статутот за Тетовскиот државен универзитет. Дека е тоа така и на господин Рушити на кој му се поднесува оваа интерпелација, во неговото

образложение не видов одговор дека и немаше и ќе настојувам да говорам со факти.

Ние не го штитиме ниту Неџбедин Беадини ниту некој друг. Ние доколку не ги почитуваме законите и Уставот, да знаете дека немаме никакво морално право и многу грешиме доколку мислиме дека штитиме некого. Со правото на дискреција на разните членови во разните ресори во Владата нема ништо друго освен супремација на законите и акумулација на право на дискреција и во зависност од личноста, значи како ќе му текне така и ќе дејствува во некоја институција. Дека е тоа така ќе го прочитам членот 8 од Уставот на Република Македонија: “На уставниот поредок на Република Македонија се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати и во меѓународното право и утврдени во Уставот.

Став 3, владеење на правото. Многу значаен елемент за функционирањето на законската држава односно на Република Македонија. Може да поминеме на членот 46, кој вели: “На Универзитетот му се гарантира автономија, а условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредува со закон”.

Исто така член 47, за да не се занимаваме со муабети, дека оној или овој ја направил нострификацијата или не ја направил, кога има Државен инспекторат, јас не го спорам тоа што го напишал инспекторатот, затоа што тие се надлежни да го направат тоа, односно има и други органи. Сигурно не вие господине Рушити, но има други органи кои можат да констатираат дали има право и кој ќе биде понатамошниот пат на процесуирање на тој предмет кој што доаѓа од Државниот образовен инспекторат.

Во член 47 се вели: “На научното, уметиничкото и другите видови творештва се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво. Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметностите и културата”.

Ќе го спомнам членот 51 од Уставот на Република Македонија каде што се вели: “Во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите”. Без оглед за каква функција се работи, значи што може да ја врши човекот во тоа време било да е министер, пратеник, претседател на Собрание или било што. И во образложението што во името на парламентаранта група беше дадено за интерпелацијата беше спомнат само еден член, членот 181. Ќе ве молам, освен Уставот, во Република Македонија има и Закон за високо образование.

Во членот 2, од Законот за високо образование во став 1 се вели: “Автономијата на Универзитетот значи академска слобода, академско управување и неприкосновеност на автономијата”. Доколку ова е начинот како постапил господинот Рушити, тогаш јас не знам зошто треба да постои овој Закон во Република Македонија. Затоа што е во сосема крајно спротивно, затоа што се повредува Законот за високо образование. Доколку го видиме членот 10 до член 14, каде што се говори за содржината и за зачувување на автономијата исто така се вели - ќе го читам само членот 10 за да не ви одземам многу време - “Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз принципот на академска автономија. Со автономијата на високообразовните установи се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес како виши вредности и способности. Авотономијата на Универзитетот вклучува академска слобода на високообразовните установи, авономија на управувањето со високообразовните установи и неприкосновеност на автономијата”.

Ве молам господине Рушити и вие почитувани присутни, посебно вие што сте дел од парламентарното мнозинство заедно да ги прочитаме и расправиме со јазикот на аргументите, а не преку јазикот на прсти и бројки. Јас нема да го читам членот 11, 12, 13 и 14 каде што се вели, значи, членот 14: “мирно решавање на споровите”, а не со упад или пак со интервенција во свој стил.

Во член 45 исто така се вели: “орган на управување или пак стручен орган”, значи еднаш има еднаш нема Сенат. Јас не знам дали има или нема и мене ме интересира како граѓанин на Република Македонија дали има. Доколку нема Сенат, истиот ректор што го именувавте вие и јас немам ништо против лично. Меѓутоа, за овој состав на Сенатот за кој што вие велите дека не е легален, му го потврдува мандатот како вршител на должноста ректор. Ве молам многу сме контрадикторни и евидентно е дека не се почитува Уставот и законите во Република Македонија.

Член 67, исто така ги нагласува надлежностите на Сенатот. Значи, кој од овие, освен член 67 се почитувал. Значи, од сите што ги наброив кои се почитувани.

Во членот 68, положба на ректор. Јасно е, може да се прочита, само доколку нема политичка волја и непочутување на законот, може да не ги почитува човекот и на многу спомнуваниот член, посебно од ваша страна, а тоа е членот 181 ќе му посветам малку внимание.

Член 181 вели кога Законот за високо образование, ќе утврди дека високообразовната установа работи спротивно на овој и на друг закон со кој се уредува вршењето на високообразовната дејност, со записник ќе и укаже на високообразовната установа на незаконитоста на работењето и ќе определи рок за отстранување на незаконитоста. Тука јасно се вели дека има рок кој што не може да биде пократок од 6 месеци. Значи кој е тој рок, господине Рушити, кој што вие сте го предвиделе. Ве молам, бидете јасен сам за себе и за јавноста и за законодавниот орган кој што е основач на овој Универзитет во Тетово. И

сето ова доколку се анализира не беше интенцијата или намерата која што вие се обидувате, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, дипломираните во Тетовскиот универзитет да ги изнесете од една црна клупа, дека тие работеле на криминален начин и дека само така се стекнувале дипломи во една институција, каде што имала криминал итн.

Доколку парламентарното мнозинство не го почитува Уставот, не ги почитува законите и органите на кои што сам им дава мандат, функција и улога што треба да работат, значи доколку не ги почитува, ние како Собрание посебно парламентарното мнозинство ќе стане совиновник заедно со господинот Сулејман Рушити, за повредување на Уставот, на законите и провреда на автономијата.

Почитувани присутни демократските режими каде што има парламентарна демократија нека ни ги спомне господинот Рушити и сите оние кои што го подржуваат, сметаат дека има ваков случај било во некоја држава во Европската унија или држава која што претендира да биде рамноправен член во таа Европска унија во која и ние претендираме да бидеме член. Треба да бидеме јасни и да ги гледаме работите на начин како што вели Уставот и законите, а не како што им одговара на политичките клики и во зависнот од дадениот момент, дека денес е овој на власт, а утре е другиот и секогаш да се повикува на своето мнение. Секогаш кога ќе се избегнува и нема да се почитува Уставот и законите, доколку овој закон не е добар господине Рушити, повелете предложете предлог-закон и ова Собрание нека донесе подобар закон, било и да им даде и дискреционо право на министрите. Со непочитување на законот за високо образование и на Устовот не сакам во интерес на времето да ви одземам повеќе време, почитувани присутни затоа што е време за пауза, меѓутоа, не може а да не спомнам истиот човек го повредува и Законот за локална самоуправа. Како што господинот Агим Рамадани ги има пред себе документите, ги имам и јас пред мене и одлуката со која што се одземаат надлежностите од Кенан Алију градоначалникот на општината. Се супреимира и Законот за локална самоуправа каде децентрализацијата исто така е многу значајно прашање со многу голема тежина за патувањето на Македонија кон Европската унија и кон Брисел. Јас не знам дали е во наш интерес или во интерес на парламентарното мнозинство да се санкционираат овие однесувања на Министерството за образование и наука и во овој случај ова Министерство го раководи министерот Сулејман Рушити.

Затоа ние треба да говориме во согласност со Уставот и законите и сите аномалии што ги има - јас се надевам дека му е јасно на господинот Рушити и знае каде треба да се упатат тие извешати. Тој може да ги проследи во понатамошна процедура или постапка, сепак ќе се повика на повреда Уставот и законите и тие луѓе нека одговараат и нека стигнат и до судските органи и судството нека донесе заслужена одлука или казна за тие што не го почитувале односно го повредиле законот. Меѓутоа, доколку е така, нема нелегалниот Сенат на Тетовскиот универзитет влијание кај Комисијата за борбата против корупција, немаме ние како поединци влијание кон тоа што тие бараат од Собранието да преземе мерки за тоа што е направено. Сето ова ќе биде во интерес на една подобра иднина на албанската младина која што со многу напор, со многу жртвување успеа да има Државен универзитет во Тетово. Исто така одговорноста е многу голема на оние кои што ќе управуваат и ќе имаат надлжности, надзор и контрола за да го унапредат, а не да му дадаеме црн лика на Тетовскиот државен универзитет, дека таму било црно, поцрно, и дека денес ни дошол спасителот или месијата за да го спаси Тетовскиот универзитет односно студентите, иднината на еден народ.

Исто така и јас се повикувам на закони и Устав. Повелете прочитајте ми ги законите. Во прв ред сакам да се почуствува една морална одговорност освен законска, затоа што се работи на тема или на доста чуствително прашање и не се остава толку лесно простор за маневрирање. Дека тоа е грешка и од минатото е докажано дека е грешка и не секој може да се обиде за образование, наука и подобра технологија, бидејќи поинаку не чини. Ќе се дегенерира основниот и главниот столб на едно општество, образованието. Доколку ова е интенција, јас не сакам да се занимавам со политички прашања и не случајно се обидувам да говорам само во рамките на Уставот и законите. Има и опортуни коментари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Друг пат да избегнуваме да ги кршиме договорите што ги правиме меѓусебно, подобро ќе биде.

Има збор министерот.

**Сулејман Рушити:** Почитуван претседателе, само сакам да ги уверам студентите дека ние водиме грижа за тоа да не се оцрнуваат сите студенти, да не се оцрнуват сите професори кои имаме докази дека биле истргнати, а не на демократски начин и незаконски начин порано во Универзитетот. Тука ги имаме копиите од дипломите и ги имаме листите од тие што нерегурално се здобија со дипломи. Ова ќе ни служи како податок во Министерството за образование да истите не им бидат конкуренти на другите студенти кои учат и полагаат испити и кои нормално и нивните семејства ги финансираат за тоа. Сметам дека не треба да жалиме за оние кои незаконски се здобиваат со вакви дипломи, туку овие ќе бидат цврст доказ и зависи од тоа како ќе решаваат органите на судството и сметам дека тогаш ќе се обели образот на тие студенти кои навистина студираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

По паузата ќе има реплика Беџети Блерим на министерот, а потоа реплика ќе има Рамадани Агим на излагањето на Беџети Блерим.

По паузата за ручек  ќе продолжиме во 15,10 часот.

Вие не сте јавени за реплика?

За продедурално, тогаш ќе запишеме, Рамадани Агим, процедурално.

(Паузата отпочна во 14,12 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,17 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

12-та точка - Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.

Реплика на говорот на министерот побара Беџети Блерим.

Повелете 3 минути имате реплика.

**Блерим Беџети:** Благодарам.

Јас сум  принуден уште еднаш да се повторам. Аномалиите, констатациите на Државниот инспекторат не се причини од страна на министерот Рушити да се повреди автономијата на Државниот универзитет во Тетово, односно за да го повредува Уставот и Законот за високо образование. За тоа што говори што констатирал од Државниот инспекторат нека се процесуира во понатамошна постапка и нека одговараат за своите дела што ги направиле. Меѓутоа, на ниту еден начин не го амнестира тоа господинот Рушити тие аномалии доколку постојат, затоа што јас не сум орган кој што може да констатира дали или не е така, не се ставам и не ги спорам податоците од Државниот инспекторат. Треба да се разбере суштината господине Рушити, дека не е причина вие кои што раководите со тој ресор, да го повредувате Уставот и законите. Ќе ве молам да ми кажете во која држава на Балканот, во која држава во Европа се повредува на овој начин автономијата на еден универзитет. Јас немам аргументи кои што би биле поголеми, отколку повредувањето на Уставот и Законот за високо образование. И не случајно реков дека парламентарното мнозинство ќе стане совиновник, доколку не се санкционира овој начин, ова дејание ваше во ресорот за образование, затоа што тоа и е улогата на Собранието на Република Македонија, да ја контролира Владата. Кога Собранието го помага истото, тогаш нема што друго туку да се помогне грешката, повредувањето на Уставот и законите на Република Македонија.

Ќе ве молам доколку толку многу сте загрижени и велите дека ќе придонесите за студентите во Државниот универзитет во Тетово, колку што видов јас, доколку не грешам, а доколку грешам, тогаш исправете ме, во Предлог-буџетот за 2007 година, колку средства се предвидени за Државниот универзитет во Тетово. Повеќе отколку минатата година. Тоа е уште еден доказ дека вие многу малку се занимавате со унапредување на квалитетот, а со друго се занимавате.

**Љубиша Георгиевски:**  Процедурално за збор се јави Агим Рамадани.

Повелете имате три минути.

**Агим Рамадани:** Побарав овој извод од положениот испит за директор во училиштето во Желино, доколку има можност од страна на службите да се распредели до сите пратеници, за да немаме заблуди во таа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека се подели.

Има збор господин Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Сакам пред вас да признам дека сум имал големи дилеми да се пријавам или да не се пријавам за збор, во однос на оваа несфатлива, неразбирлива расправа на искрената, благородна и сериозна цел, на парламентарната група на ДУИ и ПДП.

Како што се рече неколку пати од многу дискутанти денес на дневен ред е интерпелација за министерот за образование во Владата на Република Македонија. А ова лично нема никаква врска со почитуваниот Сулејман Рушити. Оваа интерпелација не е во однос на “извештаи на Државниот просветен инспекторат”. Кога јас излегов пред режиси два месеци овде на оваа говорница пред вас и преку оваа говорница заедно со вас ви ја поделив и на целата јавност ја искажав и споделив мојата загриженост дека нешто се служува во една установа чиј основач е Собранието на Република Македонија, ја имав предвид потребата и од овој почитуван дом и од ова државно ниво да се ставиме во заштита на нашите институции, почнувајќи од Уставот на Република Македонија, било кои закони во конкретниот случај Законот за високо образование и вредностите не само наши, не само на Македонија и вредностите како што е автономијата на образовната институција наречена Универзитет. Авторитетот на органите на институцијата наречена Универзитет и слободата на научното творештво, уметничкото творештво  и издавачкото творештво. Ниту тогаш и ниту сега немам намења да се ставам во заштита или да се претворам во адвокат на оваа или друга неодговорна личност, било да е и ректор на Универзитет. И, никогаш во мојот живот не сум се ставил во служба на тоа што за цел има уривање, што за цел има занемарување, потценување, уништување на оваа или некоја друга вредност.

И, да бидам сосема непосреден доколку сакате, го сакате моето лично мислење за личните измени во Универзитетот во Тетово, јавно ќе ви кажам дека денешово решение е подобро од вчерашното.Велам подобро е,  но патот кој е следен е во знак прашалник. Каква порака испраќаме како држава претенции за да станема дел од Европскаа унија. Да не заборавиме, пред помалку од еден месец Европа ни даде една жешка шлаканица за партизирани институции и што ќе  ни кажат за овие интервенции

противуставни, противправни и незаконски во една утанова како што е Универзитетот.
Затоа, почитувани, дозволете ми пред вас да го споделам моето раззочарување. РаЗочрување од актуелното парламентарно мнозиство. Сите ги затвараме очите и речиси ништо не се случило. Што треба да се случи? Да дојде Европа и да ни каже дали сте свесни, почитувајте го Уставот и законот. Читањето на Уставот и законот не е работа на нечиј ќеф и некој препораки. Овде се цитираат толку многу членови од Уставот, многу членови од Статутот, што верувајте ми минуваат во своја спротивност. Владата на Република Македонија знае дека обврска над обврските и е почитувањето на самиот Устав. На секој човек со политичка култура јасно му е дека Владата на Република Македонија, не министерот за образование, Владата го прекрши Уставот. Во овој случај не е важно дали имало нерегуларности во оваа институција. Се гледа дека имало нерегуларности. Но констатацијата на нерегуралностите се врши со егзекуција. Прво се егзекутира виновникот и понатаму се докажува вината. Тоа никаде во светот не се случува. Од ова нема да изгуби Неџмедин Беадини. Напротив, имам впечаток дека се наградува за ова. Од сето ова не губи Тетовскиот државен универзитет. Јас сум убеден во тоа дека вршителот на должност, ректор, има за цел да ги имплементира стандардите. Од тоа мислам дека губи Македонија, губиме сите ние, бидејќи на еклатантен начин, од органите кои треба да бидат во функција на Уставот, на уставноста и владеењето на законот, тие го кршат и Уставот и законот. Но, кога работите се гледаат со различна диоптрија, тоа не е секогаш така. Јасно ми е, сега можеби нашата интерпелација е преуранете, бидејќи не е пракса пред да направи Владата сто дена, да се разреши министерот. Ја разбирам потребата за внатрешните математики на оваа Влада. Се тоа ми е јасно. Но, и покрај се, сите ние треба да докажеме дека навистина сме демократи, дека сме навистина за владеење на законот, дека сме за почитување на самиот Устав. Но по се изгледа, не дека нема политичка смелост и доблест, туку нема ниту интелектруална и граѓанска смелост, бидејќи во очите на секој наш граѓанин, во очите на секој пријател на Македонија, Никола Груевски ќе добиеше многу доколку кажеше не. Ако имаше голем неред во таа институција нема да дозволиме и да толерираме да се прекрши Уставот, да се прекрши Законот за високо образование, нема да толерираме и да дозволиме да се занамери институцијата на автономијата на универзитетите, било кој да е универзитет. Но, ова не се случи. За мали политички и теснопартиски интереси ние правиме големи престапи и сме тука каде што сме и долго време ќе останеме тука каде што сме. Затоа, мене ми е сосема јасно дека парламентарното мнозинство ќе ја отфрли нашата интерпелација. На прв поглед можеби е нормална постапка. Но, последиците ќе бидат големи. Можеби и ние сме направиле вакви грешки, бидејќи ова не е нешто што се случува за прв пат, само со ова мнозинство. Не, сите сме исти, за жал. Во ништо не се разликуваме. Ова го велам од лош аспект на зборот и работите не ни одат на добро. А што е поголемо зло, нема знаци на подобрување. Затоа, мене ми изгледа несватлива и несмислен овој монолог и ми изгледа контрапродуктивен затоа што без мое сакање и без сакање на парламентарната група на ДУИ и ПДП, овде во столбот на срамот и во црната клупа бесправно се става Универзитетот во Тетово, а за таа институција е платена висока цена. Колку за коинциденција, историјата често знае да биде немилосрдна. Тој ден кога почна интерпелацијата во овој Парламент, студентите од Албанската унија на студенти, пред еден од објектите на Државниот универзитет во Тетово ставија камен темелник на бистата на Абдул Сељам Емини. Доколку Абдул Сељам Емини ги слушнеше овие зборови кои се искажаа за Државниот универзитет во Тетово, ќе се превртеше во гроб. Затоа да искажеме малку повеќе одговорност за да бидеме малку поинаку од тоа што сме. Изгледа неможеме да бидеме поинакви, но ве молам да го заштитиме Универзитетот во Тетово, затоа што, ќе повторам тоа што го реков во едно од моите мали излагања по оваа точка од дневниот ред, тој проект е многу поголем од еден парламентарен состав, овој проект е многу поголем од еден мандат на пратеник, овој проект е многу поголем од една политичка коњуктура, било да е таа и парламентарно мнозинство.
Не знам колку ќе ме слушнат моите колеги пратеници од ДУИ-ПДП ќе ме разберат, нашите понатамошни излагања да ги редуцираме. Не дека нема што да кажеме, но не не слушаат. Верувајте ми и инсистирам да ми верувате, никому не му паѓа на памет да амнестира злоупотреби. Никој не намерава да заштити прекршувања, било да се тие и финансиски малверзации, како што во една прилика рече господинот Рушити. За жал, по се изгледа таму сите овие работи биле присутни.

Но од сето ова нема да добиеме ништо, ниту ние ниту парламентарното мнозинство ниту студентите во ДУТ, ниту актуелното раководство нема ништо да добие од сето ова, а да не говорам за народот.

Да покажеме малку повисоко граѓанско ниво. Не велам академско, не велам политичко туку граѓанско ниво. Можеби имам и право или подобро да кажам самиот себе си си го приуштувам ова право, бидејќи како и многу други, поголеми од мене и јас за овој Универзитет сум дал мој мал придонес. Можеби мал придонес, но сум го дал.

Освен тоа, во тешките години на основањето, кога луѓето платија повисока цена од онаа што јас ја платив, 24 часа непрекинато сум бил врзан во Полициската станица во Струга. Кого го интересира ова, може многу лесно да го утврди. Зошто? Затоа што не бев ниту прв ниту последен кој се залагаше за тоа. Во низата на оние кои

ценеа дека имаме потреба од една висока образовна институција на албански во Македонија, за волја на сите овие работи, ве молам да ја прекинеме оваа трагикомедија, затоа што сите губиме. Ништо нема да добиеме.

Ви благодарам господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Гледам дека реплики нема.

Има збор Надица Танчева Тулиева, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре за образование, почитувани колеги од опозицијата,

Во Република Македонија конечно дојде време кога ќе почнат да се почитуваат Уставот и законите и кога Република Македонија ќе профункционира како правна држава и ќе се воспостави владеење на правото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на државата.

И почитуваните колеги што ја поднесоа оваа интерпелација и те како се свесни дека сето она што е правено во Државниот универзитет во Тетово е криминал од невидени размери. Но, сепак ја поднесоа интерпелацијата, бидејќи мислат дека сеуште можат да ја замајуваат јавноста со невистини. Но, граѓаните во Република Македонија многу добро знаат кои постапки, што до сега се правени се законски а кои не се.

Наименувањето на Сади Беџети за в.д. ректор на Државниот универзитет во Тетово од страна на минстерот за образование Рушити предизвика огромна реакција кај една образовна гарнитура, дел на една политичка партија што не ги почитуваше до сега законите во државата и која, дури преку Комисијата за борба против корупцијата постојано повторува дека со овој гест на министерот била повредена автономијата на Универзитетот, што е загарантирано со Уставот на Република Македонија, Законот за високо образование, Болоњската декларација итн.

Почитувани колеги,

Автономија на Универзитетот воопшто и не постоела, бидејќи сите законски процедури за избор на органите во Државниот универзитет во Тетово, за регистрација на истиот биле прекршени.

Исто така, со увидот на Државниот просветен исспекторат се дојде до такви скандалозни сознанија од кои што целата македонска јавност беше вџашена. Дека, на пример, има добивање на диплома за три месеци или дека 30 професори кои предавале на Универзитетот немале докторат или пак дека многумина од нив, кои дошле од странство биле без нострифицирани дипломи во македонското Министерство за образование, дека многу студенти кои зеле дипломи воопшто и не биле запишани на Универзитетот и што уште не.

Зачудува и реакцијата на ректорот на Скопскиот универзитет, кој иако бил запознаен со сите овие незаконитости, сепак не реагирал, правдајќи се со тоа дека, според него, Владата на Бучковски требала да реагира со активности на пет министерства за да се спречат сите тие незаконитости. Со оваа негова изјава, нормално, и самиот потврдува дека сегашниот министер Сулејман Рушити знаел дека единствениот начин за спречување на тие незаконитости е токму смената на главниот актер, ректорот, кој политички бил заштитуван и само со неговата смена Универзитетот ќе ја добие својата автономија.

Значи, мотивот на министерот за ваквиот потег, секако е расчистување со огромните незаконитости во Државниот универзитет во Тетово кои што го загрозуваат легитимитетот на сите образовни институции во Република Македонија. Ваквите активности се во насока на општата политика на Владата за борба против корупцијата и политизацијата во Државниот универзитет во Тетово и таа, како извршен орган, односно извршна власт е задолжена за спроведување на законите. Па, кога има индиции за кршење на законот, токму со вакви мерки, во случајот со поставување на вршител на должност го спречува понатамошното кршење на Законот.

На крајот, министерот, со својата решителност, пред се со своите чесни намери бона фидес, со ваква активност во Државниот универзитет во Тетово овозможува токму уставна загарантираност на рамноправноста на граѓаните пред законот. Затоа што сите оние кои се погодени со незаконските активности на претходниот ректор, имаат право на заштита на своите права од државата.

И конечно, целта на Владата на Република Македонија и на Министерството за образование е да Државниот универзитет во Тетово се издигне на ниво на врвен универзитет и да студентите добијат соодветно квалитетно образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики прв се јави Рафис Алити, потоа Буџаку, потоа Селвие Салиу. Значи имаме три реплики. Ве молам по тој редослед, по три минути.

Повелете, прв е господинот Алити.

**Рафис Алити:** Почитуваната колешка, навистина говори за намери а не говори за тоа за што и е поднесена интерпелацијата.

Интерпелацијата е поднесена за непочитување на Уставот и на законите и тука се многу јасни. Доколку почнеме на овој начин да расправаме сигурно дека и во другите два државни универзитети, докулку се направи инспекција, ќе се најдат аномалии и ќе може да се расправаме денови по ред. Ние сме многу јасни и велиме дека не браниме никого кој што направил повреда или пак злоупотреба. Меѓутоа истовремено, не треба да се штити ниту господинот Рушити за повредата на Уставот и законите што ги има направено.

И доколку почнеме од таа логика која што ја искажа пратеничката тогаш сигурно треба да се разреши и Собранието и секој кој го повредува Уставот и Деловникот на Собранието. И тоа го прави свесно ова Собрание. Меѓутоа, еве граѓаните не се собрале да ни го одземат мандатот и да не разрешат нас како што заслужуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има контра реплики, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Почитуван колега Уставот и законите биле прекршени во Државниот универзитет во Тетово, а не од страна на министерот Рушити.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Селвие Салиу, повелете три минути.

**Селвие Салиу:** Вие почитувана госпоѓо доколку се ставите во заштита на сите функционери во случајов на министерот кој го избира ова Собрание и да дозволите тие да го прекршуваат Законот и Уставот на оваа држава, ги жалам граѓаните во чии раце ја оставиле државата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика? (Нема)

Реплика има господинот Агрон Буџаку, три минути, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо пратеник, јас ќе направам едно јавно обзнанување дека сум погрешил дека во текот на дискусиите на Законот за полиција го повикав мнозинството да учествува во расправата, меѓутоа тие не учествуваа во расправата.

Сега кога слушаме што говори мнозинството или пак пратениците од мнозинството тогаш подобро е да ја играат улогата која што им ја определила партијата и Владата, значи само да го притискаат зеленото копче отколку да дискутираат затоа што дискусијата без да ве навредам, меѓутоа е во рамките на парламентарната расправа, дискусијата на почитуваната госпоѓа пратеник беше толку контрадикторна и апсурдна што не припаѓа на еден парламентарен состав на Македонија или пак на повеќепартискиот парламент после 15 години.

Овој вид на расправа или пак дебата можат да се слушнат во монистички системи и тие имаат органи како што е Собранието. Меѓутоа се знае какви се таму дискусиите и ваков вид на дебата може да се слушне евентуално во некоја држава која што нема или пак има направено едно преминување од феудализам во демократија. Меѓутоа тука не треба да се слушнат вакви дискусии кои што велат во името на Уставот и законите. Значи се сака да се оправда токму повредата на Уставот и на законите.

Нам тука не ни е јасно и тоа го нагласувам, можеби ќе се повторам со претходните говорници, меѓутоа тука не се работи за проценка на работата на еден универзитет има органи кои што се занимаваат со тоа, има и процедури, меѓутоа ние треба да се ставиме во заштита на Уставот и законите, актуелните закони во Република Македонија и сигурно да се контролира извршната власта кои што тука ветија дека ќе го почитуваат Уставот и законите и тука е суштината.

Значи не е работата во тоа кој со ораторство ќе го убеди населението меѓутоа нагласувам уште еднаш ние сме под силен мониторинг и една држава кога извршната власт не го почитува законот, тогаш нема шанси да се интегрира во Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Надица Танчева Тулиева, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Факт е дека вие сакате да ја дефокусирате јавноста. Овде зборуваме за криминал од невидени размери што е правен во Тетовскиот универзитет.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Селвие Салиу.

**Селвие Салиу:** Благодарам.

Почотувани пратеници, сега веќе неколку денови слушаме една расправа тука во Собранието и слушаме непотребни односно гледаме непотребни реакции.

Господинот Сулејмани, колку и да сакате да го избегнете тоа дека не е повреден Уставот, тоа е избегнување на вистината. Сигурно слушате, а не разговарате. По Уставот е повредено токму тоа што најмногу ги тангира граѓаните, во овој случај граѓаните Албанци. Тоа е владеење на правото, гарантирање на потполна, целосно автономија на Универзитетот, потполно и целосно гарантирање на научната дејност и истовремено, државата има обврска да го брани развојот на науката, уметноста и културата. Ова е обврска на секого, на министрите и на Владата да го почитуваат и Уставот и законите.

Кога сме кај законите, ме потсетувате на Законот за високото образование конкретно на членот 181, за да се оправдате за тоа како сте делувале, па велите, го цитирав членот 181, што го цитиравте и вие во вашето јавување кога надлежниот министер за работите од високото образование ќе констатира дека високообразовната установа работи во спротивност со овој или пак некој друг закон со кој што се уредува високообразовната дејност. Со записник треба да се укаже до установата за високо образование за незаконското дејство и работа и ќе даде рок за прекин со незаконската работа, кој што рок не може да биде пократок од шест месеци.

За тоа дека не е почитувано тоа што е кажано порано не сме сведоци само ние како пратеници, не само Хелсиншкиот комитет и експерти кои се занимавале со ова прашање, Комисијата за борба против корупцијата, туку се свесни сите граѓани кои преку медиумите ја видоа таа грда слика.

Почитувани колеги,

Што ви треба посилен аргумент од самиот Извештај на Комисијата за борба против корупцијата, која го посети Универзитетот, направи една посета колку ради-реда. Аргументите на Инспекторатот се попразни и неважечки, минстерот се обидува да ја манипулира јавноста и Парламентот кога ги употребува, затоа што токму тој ден, на 6.10.2006 година, кога во Универзитетот влезе Инспекторатот да ја врши својата работа, токму тој ден тие се спречени од луѓето кои се испратени од самиот министер. Додека во Извештајот, тој се повикува, во него пишува 24.10.2006 година. Всушност, министерот се повикува на Извештајот што е направен на 24.10.2006 година, после други две инспекции, редовни тој ден, со порака од министерот, се испраќаат таму две лица, Диме Атанасовски и Рефик Даути. Тие лица донеле заклучок дека сето она што е постигнато е ништавно и неважечко. Непостоечко.

Тука се поставува едно прашање, го поставувам јас, меѓутоа го поставуваат и многу други кои виделе дека во Инспекторатот бил и Рефик Даути. Се поставува прашање зошто Рефик Даути ја презема оваа одговорност да го објави Државниот универзитет во Тетово како нелегитимен? Можеби заради наградата, што го именуваа, назначија неговиот син за директор во болницата во Гостивар. Дали можеби човек кој толку многу жртвувал за образованието, затоа што кај граѓаните е познат како човек жртва за образованието, да прогласи еден универзитет за нелегитимен.

Почитувани колеги,

Немојте да манипулирате со луѓе. Законскиот акт не може да се оправда со ништо. Единствениот орган, останува мнозинството да го поддржи овој акт и одговорноста да ја преземе врз себе.

Од некои колеги тука се слушна, да не е можеби интерпелацијата предвремена или пак е рано за интерпелација. Не, не, не е така, затоа што грешките што ги направи министерот за образование следат една по една.

На 12 септември 2006 година, со незаконска одлука на министерот за образование се разрешува од должноста директор на домовите на средните училишта во Гостивар, а потоа истото лице добива одлука за отпуштање од работа. Сето ова, целата оваа ситуација да кулминира на 6 ноември 2006 година од оваа институција се отпуштаат и 11 други лица. Велам 11 други лица кои имале решенија за работа, се разрешуваат секретари, сметководител, воспитувач, шеф на воспитувачите и техничкиот персонал. Сите со решенија за работа.

Другата грешка Министерството за образование ја прави со тоа што оневозможува да се направи дисперзија на програмската студија во градот Гостивар, Студија мегатроника преку именувањето на директор кој еднострано го раскина договорот за дисперзија, договор склучен меѓу раководството на Универзитетот и поранешниот раководител на студентскиот дом каде што требаше да се направи дислокација на оваа програмска студија.

Ова е голема болка за граѓаните на Гостивар кога еден министер доаѓа токму од тој град и да им одзема едно право на своите сограѓани, правото кое го имаат младите во многу градови во Македонија. Да не го заслужуваат можеби ова граѓаните на Гостивар, да останат без работа и да не уживаат едно право кое го имаат многу други градови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Селмани Ајше.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски,

Државниот универзитет во Тетово е основан 1994 година. Тој функционираше врз плеќите на Албанскиот народ до официјализирањето и донесувањето на Законот за Државниот универзитет во Тетово во 2004 година. Беше заслуга на ДУИ, односно сета фактичка состојба создадена од 1994 до 2004 година, да го институционализира и да го воведе овој Универзитет во правниот систем на земјата. Тоа е една извонредно исклучителна заслуга за да се сочува континуитетот на Универзитетот во Тетово, да се сочува амблемот, денот на основањето, да се признае работата, начелата и дипломите кои студентите ги стекнаа на овој Универзитет. Тие кои дипломираа пред 6 или7 години, тие кои ги положија првите испити во Мала Речица и Порој знаат дека тие испити и тие дипломи се официјализираа и ги имаат тогашните датуми, во времето кога се сеќавањата, емоциите и задоволството од првите денови од функционирањето на Универзитетот во Тетово. Со донесувањето на Законот за официјализација и конституирањето на комисиите за верификација на оценките и дипломите на дипломираните на овој Универзитет, конституирањето на работните комисии во насока на официјализација на овој Универзитет, се оствари дамнешниот сон на Албанците за официјализација на Тетовскиот универзитет и државното финансирање на овој Универзитет. Да почнеш една работа од почеток е полесно одколку да обновиш нешто што е изградено, да го храниш и да го направиш способно и имуно од албанофобни вируси. Затоа, ДУИ не го основа овој Универзитет, бидејќи тоа го направи целиот народ, туку само го легализира нивниот сон и овозможи 17 декември 1994 година да се спомене заедно со првите предавања, заедно со маките и залагањата на народот за основање на Универзитет. Ова почитувани пратеници бара труд, заложба и смелост.

Денес еден министер предложен од една Влада која не ја почитува волјата на Албанскиот народ, еден министер кој наводно ги застапува Албанците во извршната власт, ја крева раката врз овој Универзитет, ја крши автономијата, законските одредби и другите нормативни акти. Тоа го прави со донесувањето две решенија:

решение за разрешување и решение за назначување ректор. Јас не сум правник по вокација, но знам дека секое решение има три составни делови од формален аспект: воведниот дел, диспозитивниот и образложението. Во воведниот дел на решението треба да се утврди правната основа врз која се носи таа одлука. Ве молам, во која правна одредба, од кој конкретен закон, се заснова одлуката за разрешување и одлуката за именување ректор. Во делот на диспозитивот се утврдува дека се разрешува ректор, односно се назначува ректорна Државниот универзитет во Тетово. Според ова што го кажав немаме разрешување на едно физичко лице, како што се вели од господинот Рушити, бидејќи се разрешува еден ректор кој има редовен работен однос на Државниот универзитет во Тетово. Напротив, се назначува една личност која не е во работен однос на овој Универзитет. Внимавајте ве молам, во овој документ кој е една копија на решението за разрешувањето на ректорот, не можам да видам дека пишува физичко лице туку пишува:"Се разрешува ректорот на Државниот универзитет во Тетово професор д-р Неџбедин Беадини". Во третиот дел решението треба да има образложение зошто е одлучено како во диспозитивот, да го видиме датумот на донесувањето на одлуката за разрешување и за именување и датумот на Извештајот на Државниот просветен инспекторат. Одлуката за разрешување дојде на 6 октомври 2006 година, додека Извештајот од Државниот просветен инспекторат е од 24 октомври 2006 година, што значи 18 дена по разрешувањето на ректорот. Овие датуми можете да ги видите почитувани пратеници во Извештајот на Државниот просветен инспекторат и исто така во решението за разрешување на ректорот, што не верувам дека е пред вас, но ги молам службите да ги фотокопираат и поделат на пратениците, за да го утврдиме датумот на разрешување на ректорот. Доколку овој Извештај беше позитивен, какви мерки ќе превземеше министерот? Не верувам дека има појасен аргумент од ова што го кажав сега.

Надлежноста е право и боврска на одреден орган за да одлучи за одредено прашање. Констатациите за фалсификување на дипломи и нестручни вработувања не може да ги направи господинот Рушити ниту координаторот на парламентарната група господинот Матоши, но затоа решението на министерот за именување и разрешување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово е апсолутно неважечко и ништовно, бидејќи не исполнува ниту еден критериум, ниту еден правен стандард. Во заложбите да образложи една антиуставна и антизаконска постапка се споменуваат фалсификувани дипломи, неверифицирани, нестручни вработувања, несоодветен кадар за настава и многу други работи кои не се вистинити. Вие господине Рушити дали имате сознанија колку неверифицирани дипломи кои се стекнати на другите универзитети во земјата, професори кои работат на другите универзитети во Македонија, колку досиеја на студенти на другите универзитети се контролирани и кој е критериумот со кој се квалификува несоодветниот кадар за настава. Според вас, господине Рушити, кој треба да сноси одговорност за фалсификувани дипломи, кои не се евидентирани во матичните книги на дипломираните. Во поранешните години се говореше за фалсификувани дипломи од Албанија, Србија, Бугарија и многу други земји. Според вашата постапка ректорите треба да сносат одговорност ако разни лаборатории можат да издадат низа фалсификувани дипломи кои не се евидентирани во матичните книги на дипломираните. Кога се фалсификуваат парите, дали се разрешуваат од работа гувернерите или се преземаат мерки за луѓето кои ги вршат овие недолични акти. Понатаму се органите на Министерството за внатрешни работи и судот кои треба да го кажат последниот збор. Не може без да се следи процедурата, без да има процес, без да се преиспита материјалот да се донесе една ваква одлука.

Другото прашање се однесува на Записникот од Државниот просветен инспекторат. Рековме дека овој Записник е поднесен многу подоцна од денот кога се донесува одлуката за разрешување на ректорот. Овој Записник, видовме дека е изготвен од Башким Селмани, генерален секретар на Државниот универзитет во Тетово, на кого во моментот на увидот му се прекинува должноста на генерален секретар и доктор Феџе Точи и магистер Шпенд Љуши кои воопшто не биле вработени во Државниот универзитет во Тетово.

Следното што сакам да го нагласаме е дека Државниот просветен инспекторат ја слика фактичката состојба таму и меѓу другото се вели дека во досието на икс-лице нема диплома или нема рецензија, но треба да ги разликуваме овие работи кога нема диплома во досието и кога икс лицето нема диплома. Друго е да нема документ, а друго е да не го поседуваш тој документ. Зошто не се почека органите по предлог на Државниот инспекторат да превземат мерки и постапки во врска со докомплетирањето на досиејата и оваа одлука ќе не доведеше до нивно комплетирање. Доколку повторно лицето не го комплетира досието, тогаш можеше другите органи да реагираат во оваа насока и да преземат мерки.

Понатаму се спомнува дека икс-лица добиле одлука за настава, но е јасно дека датумот на дипломирањето е признат кога студентот дипломирал. Тоа е прво. И второ, Државниот универзитет во Тетово работеше со тој кадар до донесувањето на Законот за официјализација. Со овој Закон се чува континуитетот на работењето на Државниот универзитет во Тетово и е направена евалуацијата на работата на Државниот универзитет во Тетово.Во името на ова што го кажав мнозинството на академскиот и техничкиот персонал, што се најдоа на определени должности, продолжија со работа и нивните работни места само се легализирани. Комисиите и работните тела кои ја направија

евалуацијата не констатирале некоја нерегуларност на оценките и истите дипломи имаат правен ефект во продолжение. Во Записникот се споменува дека има дипломирани кои ја стекнале дипломата на одреден датум, а еден или двајца положиле подоцна, што значи по датумот на дипломирање. Вие знаете дека еваулацијата на работата на Државниот универзитет во Тетово со донесувањето на Законот за официјализација ја опфати и официјализацијата на дипломите. Јас имам информација дека комисиите за верификација на оценките и дипломите на дипломираните неколку кандидати, кај кои се забележани нерегуларности, ги принудија истите да подлегнат на одредени дополнителни испити и овие испити нормално дека се положени до датумот на дипломирање, бидејќи овие комисии работеле по донесувањето на Законот за официјализација.

По се изгледа не ме слушаат колегите. Господине Георгиевски, доколку има можност да ми обезбедите мир.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за поголем мир.

**Ајше Селмани:** Се говореше дека на Државниот универзитет во Тетово има непотизам, дека Државниот универзитет во Тетово е гнездо на ДУИ и доколку ова е вистина, тогаш што се случува денес? Да направиме осврт на денешната состојба на Државниот универзитет во Тетово, се назначува ректор, тој го носи својот син во музиката и за диригент на хорот на Државниот универзитет во Тетово, а сопругата на синот за правник во ректоратот. Што се случува со кадарот и активистите на ДПА, кои ја обвинуваа ДУИ дека Државниот универзитет во Тетово го претвориле во нивно гнездо. Денес Матоши-жалам што не е присутен, но сигурно ме слуша изјави првиот ден кога се отвори расправа по интерпелацијата нешто што сега го цитирам од стенограмот тоа е: “ Ние тоа зло го обелоденуваме и тоа зло ќе се расчисти. Кога злото го чистиме, излегуваат имиња”. Самиот збор ние подразбира ДПА, а зошто? Зошто се залага толку многу да ги расчисти овие нерегуларности за кои говори господинот Матоши. Дали е вработен во Државниот инспекторат или во архивата. Сигурно дека ќе ми одговори. Ова го прави бидејќи сака да му помогне на Државниот универзитет во Тетово, како што му помогна во наводници на господинот Рушити. И доколку навистина, би сакал толку многу да му ппомогнете и сакате да знаете колку сте му помогнале на овој Универзитет, јас би ви сугерирала една ваква помош да им ја дадете на другите универзитети во Македонија, на ист начин како што го направивте Државниот универзитет во Тетово. Ќе видите, каква награда ќе добиете. Но сигурна сум дека тогаш нема да имате поддршка од пратениците Македонци, од вашата владина коалиција, како што ја имате денес таа поддршка.

Друго, е вработен предавач по законска медицина , лице кое има звање магистер на Медицинскиот факултет во Државниот универзитет во Тетово, кој не се легализира. Врз каква основа е вработен овој професор.

Понатаму, членот на Централната изборна комисија на македонците вработува без конкурс, без рецензија, без просек на оценки и без научно звање. Како може ова лице да се вработи како помлад асистент кога има околу 50 години? Колку што знам, во наставниот процес треба да се вклучат лица за кои се пишува рецензија. Јас не би се задржувала повеќе на други примери, бидејќи не ми е целта да навредам некого и се разбира не сум надлежна за една ваква работа. Но сакам да го прашам господинот Рушити дали има сознание за овие прашања и дали ќе превземе мерки, да постапи повторно како што постапи сега. Имам впечаток дека пратениците од истите партии кои во актот на легализацијата на Државниот универзитет во Тетово ги именува како колиба, плевна за крави и го оспорија ова, истите денес се трудат да го усмртат, откако е на свои нозе. Кој знае, колку и да се трудиме почитувани пратеници да фрлиме пепел во очите на јавноста во овој случај дека нема никакво кршење на Законот, ние се лажеме себеси, затоа што мнозинството на граѓаните сега веќе во свои раце го имаат Законот за високо образование. Тие кои не ги засега прашањето на Универзитетот се занимаваат со една ваква анализа, бидејќи тие ја ценат нашата работа, уште повеќе работата на Владата.

Затоа, почитувани пратеници, би сакала да ви помогнам да не ги удвостручите грешките на вашата Влада и да поддржите едно вакво кршење на Закон.

Ќе завршам со моето излагање со една порака. Доколку навистина некој сака да му помогне да Државниот универзитет во Тетово, ве молам, нека го направи тоа без да ја повреди автономијата и без да се оцрни лицето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Бесим Догани.

Повелете три минути.

**Бесим Догани:** Сето тоа што беше спомнато од страна на претходната говорничка за жал се невистини и лаги. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Славица Грковска, повелете.

Пред тоа, контра реплика за Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Господине Догани, можеби овие работи се невистини, тогаш од каде се вистинити тие за кои не обвинувате со денови овде. Значи дека ДУИ направила други кршења. Но и тие вашите ќе излезат на виделнина еден ден. Кога ќе се смени министерот за образование, тогаш ќе видиме и ќе разговараме повторно.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, на почетокот сакам уште еднаш да потсетам дека денес не разговараме за состојбите на Државниот универзитет во Тетово туку разговараме за интерпелацијата на господинот Рушити и за тоа како министерот ги искористил механизмите кои

му стојат на располагање во Законот за високо образование, а се однесуваат на одредени состојби во високото образование, зошто не ги искористилл и евентуално кои биле неговите побуди, меѓутоа, не да дискутираме за тоа дали направил храбар и несекојдневен потег или да даваме некакви други квалификации на ова што се случува.

Она што мене ме загрижува во оваа дебата неколку дена, е невидената леснотија со која што се кршат Уставот и законите, и тоа не само во овој случај. Исто така, невидената леснотија од страна на одредени пратеници од парламентарното мнозинство кои бараат по секоја цена причини за такво нешто, или изговор за такво нешто.

Јас се согласувам дека целата атмосфера во која што беше носен Законот за Тетовскиот универзитет, целата атмосфера околу неговото дејствување уште од почетокот кога почна да дејствува, целата атмосфера во јавноста кога станува збор за меѓуетничките односи дека е многу сензитивна, и дека е многу непопуларно кога ќе излезете на говорница и кога ќе се обидете да ги убедите останатите дека е направено флагрантно кршење на Уставот и на законите во услови кога министерот ќе излезе, или членови на парламентарното мнозинство кога ќе излезат и ќе кажат дека имало криминал, дека имало фалсификувани дипломи, дека имало финансиски малверзации, дека немало Сенат, дека не бил избран како што треба и т.н. Се согласувам дека е непопуларно. Меѓутоа, јас сакам да се апстрахирам на тој дел од дискусиите, затоа што за тоа не дискутираме денеска. И, може да ни давате забелешка само под услов ако во овој мандат како претседател на Комисијата за образование и наука не сум потегнала иницијатива да се дискутира за тоа прашање, тогаш ќе ја прифатам забелешката. Меѓутоа, ниту министерот се одзва на поканата да дојде на Комисија, ниту пак директорот на Државниот просветен инспекторат не се удостои да ни ги подели извештаите на Просветниот инспекторат и тоа дента, кога се слушнавме еден од многуте пати, кога прашувавме кога ќе ни биде даден извештајот и зошто не е, и кога бевме уверувани од директорот на Просветниот инспекторат дека извештај уште нема, ние бевме сведоци, вечерта на медиумите, во вести, да видиме таков извештај објавен на вестите. Јас се прашувам кое е надлежното тело да разговара за тоа. Јас се согласувам дека треба и медиумите да бидат известени, меѓутоа, ќе се согласите дека за тоа е надлежна и матичната Комисија за образование во овој Парламент, исто така, како и Парламентот воопшто. Зошто до сега не било покренато прашањето, почитуван пратенику, тоа ќе ја прашате претходната претседателка на Комисијата, која што е ваш коалиционен партнер сега. Таа би требало да ви го даде одговорот. Јас не можам да бидам одговорна за други постапки.

Значи, она што мене ме загрижува во целата атмосфера дополнително, е кога мислев дека ќе се најде и некој друг што ќе реагира, а тој некој, би требало по правила на нештата да биде и премиерот на Владата. Наместо да покаже како Влада на кршење на постапката и процедурата која што е потпишана со закон, премиерот излезе шокиран од налозите на Државниот просветен инспекторат. А, замислете, не беше воопшто шокиран од тоа што е прекршен Уставот и законите. Јас можеби ќе се согласев со него доколку ги слушнев и двете констатации, и дека Владата ќе направи обид она што било направено како грешка во чекори на почетокот, да го исправи понатака. Меѓутоа, јас таква констатација не слушнав и сите иницијативи што до сега доаѓаат од Владата, целиот однос, овие неколку месеци на Владата спрема Собранието, само ми дава за право да констатирам уште повеќе дека по секоја цена се сака да се маргинализира Собранието, да се девалвира Собранието како законодавен Дом, а тоа не оди во насока на зголемување на улогата на Собранието, особено во неговата контролна компонента. Иако ние велиме дека треба да бидеме контролен механизам на Владата, тоа треба да го правиме на вистински начин, а не да паѓаме во замката на популистички дебати.

Значи, наместо реагирање во согласност со Уставот и законите, ние сме сведоци на спроведување на политичко самоволие кое не води кон создавање на ред и средување на состојбите, туку кон анархија. Јас ве уверувам дека ако продолжиме во ваква насока, нема да бидам изненадена доколку во извештајот на Европската комисија, сега како дополнителна нова забелешка покрај непостоењето на политички дијалог во Собранието, ќе има и укажување дека е прекршена автономијата на Универзитетот. Е, сега и покрај тоа што сметам дека и покрај долгата дебата нема да има никаков ефект во кажување на аргументите, во интерес на јавноста, јас сакам да предочам само неколку факти.

Имено, ни беше поделено решение за разрешување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово потпишано од министерот, доставено на 6 октомври 2006 година. Истиот ден министерот одлучил дека треба да се именува професорот Сади Беџети за вршење на должност ректор на Државниот универзитет во Тетово.

Бидејќи го имате пред вас записникот од контролниот надзор, во него стои: "Врз основа на задолжувањето за вршење контролен надзор на Државниот универзитет во Тетово од 23.10.2006 година и Предлог-мерките од записникот од 10.10.2006 година, изготвен од советниците..." Значи ние имаме, дури и да го прифатам тоа вие што го викате дека немало органи па не е прекршен Уставот, врз основа на што министерот одлучил дека треба да го смени ректорот, кога го сменил на 6 октомври, а Државниот просветен инспекторат излегол на 23 октомври да прави увид. Кажете ми еден член во Законот за високо образование каде пишува дека министерот може да го разреши ректорот. Нема да го најдете. Кажете ми еден член во Законот каде се вели дека Државниот просветен

инспекторат може да го разреши ректорот. Нема таков. Во Законот за високо образование ќе најдете точно потпишана процедура, како се отстрануваат незаконски работи во високообразовните установи. Вакви можности како што се направени во овој случај, нема. Не за џабе е член 46 од Уставот каде се вели на Универзитетот му се гарантира автономија. Условите за основање вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредуваат со закон, а во законот не стои ниту еден ваков механизам како што е употребен во овој случај.

Јас навистина се прашувам какви ќе бидат ваквите дискусии доколку ние зборувавме за друг државен универзитет.

Она што мене ме плашеше, а што беше искажано во една од репликите или дискусиите на министерот е дека доколку и на другите универзитети се докаже дека постојат вакви работи, дека ќе го направи истото. Тоа е тоа што мене ме загрижува. Мене ме загрижува тоа ако го направите истото и на другите универзитети, дека треба да се почитува процедурата за сите универзитети и нема право никој да влегува во Универзитетот и да прави како сака и што сака.

Друго е прашањето како може да биде разрешен ректор. Во Законот е пропишано, за тие што го прочитале Законот е јасно, дека Сенатот е тој што го избира и што го разрешува ректорот. И за тоа се согласуваме. Во Законот во членот 181 што го прочитавте вие за надзор на законитоста во работењето на високообразовната установа е точно пропишана процедурата како може да реагирате на незаконски дејствија.

Во Законот за просветен инспекторат, за просветна инспекција покрај надлежностите на Државниот просветен инспекторат кои се неспорни за контрола за работењето на високообразовната институција, меѓу другото стои дека Државниот просветен инспектор предлага поведување постапка за поништување испити, при чие спроведување се поведен прописите и поништување на свидителства, дипломи и јавни исправи добиени од тие испити; Предлага поведување постапка за поништување на свидетелство, уверение и дипломи издадени од воспитно образовните установи кои немаат дозвола за работа; Издава привремена забрана за користење, односно употреба на оспоруваните свидетелства, уверенија и дипломи, се до донесувањето на конечна одлука за нивна валидност; Предлага спроведување на дисциплинска постапка против вработените во државните и приватните воспитно образовни установи, ученичките и студенските домови, високообразовните и научните установи; Предлага отстранување од работното место во случаи утврдени со овој Закон; Предлага поништување на оценка и определување на посебна проверка на знаењето и оценувањето на учениците; Го известува основачот на воспитнообразовната институција за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот, здравјето и т.н. Ништо од ова не е направено. Механизмите се во рацете на Државниот просветен инспекторат, меѓутоа, не во рацете на министерот.

Ако ние се доведеме во ситуација да го кршиме Уставот, ја загрозуваме автономијата на Универзитетот, бидете уверени дека нема да бидеме третирани како демократска држава, туку како тоталитарна. Апсолутно тоталитарна држава.

Ако сметате дека има изговор за ваквата постапка на министерот, кога се работи за Државниот универзитет во Тетово, тогаш ве прашувам кој е изговорот кој му дава право на министерот да ги смени членовите на Одборот за акредитација, ако во Законот строго стои дека во текот на ивниот мандат не може никој да ги смени. Може тоа вас да ви се допаѓа или не, Законот е таков, и вие меѓу другото, го гласавте тој закон. Законот е донесен 2000 година кога вие бевте на власт, и вие сте пропишале таков механизам. Ние немаме право да бираме кои членови од Законот, од било кој закон ќе ги почитуваме, а кои не. Немаме право да бираме дали ќе го почитуваме Уставот или не, ние треба да бидеме пример, прво како пратеници за тоа како се почитуваат Уставот и законите во оваа држава, ако не, јас тогаш не ја гледам смислата од нашето функционирање. Која е смислата од постоењето на Парламентот, ако треба се да префрлиме во рацете на Владата, тогаш претпоставувам дека промовираме некој нов општествен систем.

**Љубиша Георгиевски:** Немојте ве молам, дијалози да правиме. И покрај препораките на Европа да има дијалог во Парламентот, тоа не значи дека треба да си упаѓаме во збор. Ве молам. Штом некој има збор да го почитуваме, да го слушаме. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Морам да признам дека не сум изненадена од таквото однесување.

Значи, зборуваме за кршење на Уставот, не само кога станува збор за автономијата на Универзитетот, зборуваме за кршење на неколку членови во Законот за високо образование и тоа не само оние што се однесуваат на Универзитетот, реков, се однесуваат и на Одборот за акредитација, и со тоа оставале белег дека ние не сме способни да функционираме во насока на владеење на правото на нешто што е основ на придобивка на Европската унија и нешто што е основ на придобивка на демократијата и нешто што е основен принцип на функционирање на секоја држава. Меѓутоа, ако како парламентарно мнозинство сте спремни да ја сносите одговорноста за ваквиот потег, јас не можам да влијаам повеќе од ова на вас. Меѓутоа, кога ќе дојдат меѓународни претставници, нема да ве прашуваат само вас, ќе не прашуваат и нас, а ние немаме аргументи да одбраниме вакви потези на Владата. Ние можеме да дискутираме и ние рековме дека ќе ги поддржиме сите потези кои одат во функција на подобро на граѓаните, кои

одат во функција на приближување на Република Македонија кон Европската унија, меѓутоа, со вакво нешто, бидете сигурни дека се враќаме векови наназад. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија по следниот редослед: Грозданов Цветко, Мендух Тачи, Лалчевска Ристана, претпоставувам дека се реплики,и Оровчанец Ѓорѓи.

Три минути реплика за Грозданов Цветко.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе кажам дека е оправдано размислувањето на госпоѓица Грковска, од една единствена причина што поголем дел од времето го помина надвор од салата, значи не можеше доволно да следи за да знае до каде сме стигнати и што се се случуваше на седницата. Ќе и реплицирам во однос на неколку нејзини наведени невистини. Тоа се: прекршување на Уставот и законите.

Ќе напомнам само дека прекршувањето на Уставот и на законите се од основачот. Значи со основањето, поточно на 27.9.2004 година, кога е издадено решението, дадена е можност за манипулирање со овој Државен Тетовски универзитет. Потоа, бидејќи е кратко времето, ќе се навратам на втората точка, а тоа е околу загриженоста која таа ја произнесе.

Како член на Комисијата за образование, очекував од загрижената госпоѓица Грковска да не свика, да разговараме и да дебатираме во однос на ова прашање, околу интерпелацијата на министерот. Но, тоа не се случи.

Ќе го кажам и она другото што го спомнав, околу разрешувањето на ректорот.

Ние спомнавме и во изминатиот период дека овде не станува збор за разрешување на ректор, туку разрешување на лице кое управуваше со Тетовскиот државен универзитет и со едно нелегално тело кое воопшто не можеме да кажеме дека станува збор за Сенат, при Тетовскиот државен универзитет.

Демократијата во државата не е да направиме хаос во образованието, како што се направи тоа во изминатиот период од 2002 па до 2004 година, со министерувањето на господинот Положани. Не можеме да работиме на тој начин што и тој самиот во неговата изјава, може да се види од стенографските белешки, изјавува дека бил запознаен со случувањата таму. Запознавањето негово не го амнестира од она што тој не сноси одредена одговорност и не е соучесник со збиднувањата во Тетовскиот универзитет. Напротив, сметам дека оваа интерпелација можеби е задоцнета и оваа интерпелација можеби требаше да се однесува на господинот Положани во изминатиот период, но не на крајот на мандатот, туку на самиот почеток на мандатот, за да можеме да ги санкционираме и сите оние други збиднувања кои се случуваа во неговото министерување, во сферата на образованието. Да не спомнувам за тоа како се земани одредени студенски домови без тендери, без одлука на училишните одбори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Очигледно колегата не ме слушал добро.

Јас реков дека, инсистирав, имаше покана доставена до министерот за образование да дискутираме за состојбите во образованието, а сеуште немам одговор за таа покана.

Имам испратено писмо до директорот на Државниот просветен инспекторат, во кој што барам да ми се достави инспекцискиот извештај, односно увидот што е направен на Државниот универзитет во Тетово токму од таа причина да дискутираме на Комисијата за она што се случува на еден Државен унвиерзитет што би требало сите да не загрижува. Тоа не беше случај. Ги добив извештаите дури кога дојтов тука на седница.

Ниту еден член во Деловникот на Собранието не ви дава за право комисија да дискутира за интерпелација на министер. Ние немаме такви ингеренции како Комисија.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Мендух Тачи, три минути, повелете.

**Мендух Тачи:** Бидјќи колешката не беше изненадена од ова однесување, колешке оние главните не ви се тука, па за жал треба со вас да полемизирам. Не би сакал, но сепак во политиката и во животот има инхерентно право, наследно право.

Јас не се чудам од вас со каков морал настапувате тука. Тоа ни е познато. Политичка теорија, комунистичкиот морал што нема да сноси никогаш во живот никаква обврска и никаква одговорност.

Вие заборавате дека вашиот тогашен и денешен шеф, Бранко Црвенковски даде наредба со булдожери да се уништи тој Универзитет, да се убие едно младо момче, да се маскрираат преку 1000 Албанци. Зошто тоа го заборавате? Јас не можам да ви дозволам да роните тука крокодилски солзи како вие би сакале многу да се почитува процедурата.

Второ, не мислам на вас лично, но на оние главните кои уште ве водат, па вие не треба да заборавите дека најголемиот крадец и уништувач на Уставот, на правните стандарди, на демократските норми, човекот кого го инсталиравте таму, во онаа друга просторија, со сила зел 150 илјади гласови на Албанците. Како можете тие работи да ги заборавите.

Зарем мислите дека ЕУ и другите меѓународни институции сега ќе ве гледаат како анѓели или како жртви на новата власт? Па вие сте тие на чело со сегашниот узурпатор на функцијата, кои направивте сешто и газење на процедури со поранешниот министер за економија Бесник Фетаи, кој заврши со ослободителна пресуда во судот. Што треба сега? Да го убиеме? Зошто тука не ја кажувате вистината? Зошто тука не гажувате

ниту еден збор дека околу тој Универзитет имаше околу 150 неформанси, со дебели криминални досиеја. Нив некој ги штитеше. А, вие ги штитевте.

Што ги превртувате работите, тоа ви е според политичката наука на СДСМ што се вика Црвенковски и ви кажува како треба. Не реков никаде Сулејман Рушити дека ќе влезе во другите универзитети. Јас реков слобода на законот ќе стигне и до Бранко Црвенковски, не до универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Грковска Славица, една минута.

**Грковска Славица:** Господине Тачи, ние зборуваме за моментална и за фактичка состојба. А инаку ако се враќаме назад, јас сум убедена дека ќе најдеме милион аргументи за дејствувањето на ДПА. Меѓутоа на дневен ред е Интерпелацијата на господинот Рушити и на однесувањето на Владата кога станува збор за еден државен универзитет, без разлика кој е. Вие сте тие што сте оптеретени дека баш станува збор за Тетовскиот унвиерзитет, затоа што токму во времето наше ние го основавме тој Универзитет и тоа е аргумент кој што никој не може да го порекне. А тогаш вие бевте против. Кога вие зборувате за коминистички морал, морам да ви верувам затоа што вие многу повеќе знаете за комунизмот од мене. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Ристанка Лалчевска, повелете три минути.

Повелете процедурално господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, ова е втор пат како претставници на политичката партија ДПА се служат и го злоупотребуваат името на Претседателот на Република Македонија.

Сметам дека вие како прв меѓу еднаквите можевте, имавте доволно време, господинот Тачи да го прекинете и не беше тема ниту дискусијата на пратеничката Славица Грковска ниту репликата на господинот Тачи не се однесуваше на дискусијата на нашата колешка.

Затоа во иднина, ќе ве молам, ваквите деструкции и злоупотреба на микрофонот да ги прекинете и санкционирате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако сакате процедурално може, а реплика не.

**Мендух Тачи:** Ќе направам една дигресија. Можеби Господ така ги средил работите, ме нарековте деструктивец.

Ќе ви дадам седум илјади страници на моето лично досие што ми го направи Бранко Црвенковски, се водам под деструктивец број еден во тие досиеја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да ја прекинеме оваа процедурална расправа затоа што таа не води кон поконструктивни работи.

Повелете Ристанка Лалчевска има реплика.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Воглавно дискусијата на колешката Грковска која доаѓа од образованието беше насочена околу почитување на Законот за високо образование и нејзините тврдења се дека тука е направено прекршувањето и поради тоа, поради нејзиното мислење министерот сноси вина.

Сега јас би сакала малку да ја потсетам на Законот за високо образование и на една одредба 198, тоа е во Законот кој беше донесен 2000-та година и во која беа, еве ќе парафирам, предвидени како студентите кои беа надвор од системот да се вклучат во системот со тогашното основање на Штуловиот универзитет. Таа одредба траеше до 31.12.2005 година.

Во минатиот состав кога јас и госпоѓицата Грковска бевме пратеници во овој Парламент за да се основа Тетовскиот универзитет се почна токму со кршење на Законот за високо образование. Со предложените измени и дополнувања и покрај укажувањата на правната и стручна јавност овој член беше избришан бројот 2001 и беше напишано 2005. Тоа беше една од измените. Со тоа надвор од правната логика се даде континуитет на одредба која беше престаната четири години. Основањето на еден универзитет се засниваше токму на кршење на Законот за високо образование.

Се основа Универзитетот, профункционира и сега јас не можам да сфатам како, покрај едно дебело досие за кршење токму на тој Закон за високо образование за незаконско работење, тврдите дека министерот има грев затоа што имал храброст и доблест да го прекине континуираното лошо или да речам незаконско работење на овој Универзитет.

Конечно, да го поставиме на здрави основи дали министеот е виновен затоа што презел личен ризик и го прекинал синџирот на незаконско работење на овој Универзитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контрареплика Славица Грковска една минута, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Лалчевска ако вие не можете да ја разберете мојата дискусија, тогаш не можам да очекувам другите да ја разберат.

Храброст и доблест, јас ќе речев, дека има министерот и дека преземал личен ризик и го прекинал ланецот на криминални дејствија и што уште не, се што беше кажано во овие денови. Само под услов ако го почитувал Законот за високото образование, министерот има доволно механизми почитувајќи го Законот за високо образование да ги среди состојбите и да алармира за состојбите на овој Универзитет.

Работата е што министерот не го направил тоа. За тоа дискутираме овие денови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Ѓорѓи Оровчанец.

Процедурално за господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Мислам дека однесувањето на пратеничката Грковска е крајно недоследно, крајно уврeдувачко

и би ве замолил во идни такви случаи да ја прекинете, бидејќи таа смогна храброст да го омаловажи целиот Парламент, целиот пратенички тим велејќи дека ако Лалчевска не можела да ја разбере, тогаш ние другите можеме слободно крави да пасеме, според неа.

Процедурална, груба грешка и ве молам идниот пат да ја прекинете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец.

Повелете процедурално госпоѓице Грковска, нека има некаква рамнотежа, да не губиме нерви, има време, ноќта е млада, туку што се стемни. Има време. Повелете.

**Славица Грковска:** Мојата интенција не беше да ги навредам останатите пратеници, ако некој така се пронашол себеси или ако се препознал, тоа е веќе негов проблем.

Госпоѓата Лалчевска е пратеник од минатиот мандат, госпоѓата Лалчевска е правник и затоа очекував од госпоѓата Лалчевска да ја разбере мојата дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Повелете господине Оровчанец.

Со ова го затвораме циклусот на реплики.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

На некој начин дискусијата која беше наметната од пратеникот Славица Грковска овде е некое финализирање или обид на сумирање на она што е предмет на интерпелацијата на министерот Рушити.

Мислам дека се обиде, практично, да се задскрие зад својата неактивност во време кога таа беше член на Комисијата за образование, во време кога беше член на овој Парламент и во време кога нејзината партија беше власт во оваа земја.

Токму поради тоа се наметнува интригата која се наметнува за леснотијата на бркање на Уставот и законите и нивно процедурално кршење.

Процедурално кршење беше начинот на кој се донесе Законот за Тетовскиот универзитет. Во тој период кога јас дискутирав беше наметнувано прашањето за обновофобија. Ниту тогаш ниту сега таква етикета не можам себе да си приуштам, меѓутоа, што се однесува до образованието и тогаш и сега ги наметнувам максималните критериуми кои треба да го подигнат нивото и квалитетот на образованието.

Меѓутоа, во целата оваа таканаречена процедура која се обидува да се наметне, гледаме дека целата процедура во старт како исчекор била пореметена од она што Лалчевска го кажа виза ви Законот 2000-та година, формирањето на Штуловиот универзитет, па понатаму кршење на процедурите до фазата кога не знаете што е постаро кокошката или јајцето, па имате конституирање односно регистрирање, па после тоа конституирање. Едноставно не можете да фатите крај.

Се прашувате дали воопшто имате или немате Универзитет, дали е тој легален или не е легален. Значи, може да биде и легален, може да биде државен, меѓутоа, таа процедура околу која се бориме, таа власт во тој период, очигледно морало да се запази.

Што се случува? Доаѓаме во ситуација сега, поради потребите на младите луѓе да не бидат дезавуирани, високо да се образуваат, овде имаме интерпелација.

Јас ќе кажам една работа процедурата можеби е скршена затоа што требаше да го затвори, на основа на Законот, Факултетот. Министерот имаше доблест да не произведе нови политички проблеми кои ќе создадат меѓуетнички тензии. Интерпелација за министерот можеме да побараме во овој момент кога оваа состојба нема понатаму да ја продуцира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика од една минута за Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Јас не можам да очекувам од пратеници кои во минатиот состав на Собранието многу ретко беа во салата да знаат што всушност се случувало во минатиот мандат, за тие подобро информираните, нема потреба да објаснувам.

Затоа реков во моето излагање заради начинот, заради целата атмосфера во која се основаше Универзитетот во Тетово јас разбирам дека ќе бидат непопуларни ваквите дискусии. Меѓутоа, господине Оровчанец ако Законот му дава за право на министерот да го затвори Универзитетот и за тоа да го извести основачот, кој би можел да му приговори на министерот? Никој.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи Оливер Шамбевски не е тука, следен за збор е Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, во овие неколку дена јас ќе се обидам накратко навистина да се обратам до вас и она што ми направи впечаток е прво дека од сите овие дискусии произлегува дека интерпелацијата на господинот министер е преуранета.

Значи, она што сакам да го кажам е дека ако се имало доволно аргументи и докази на увид, можеби колегите немало да направат една интерпелација од ваков вид. Бидејќи сега се покажа за точно дека она што преземал господинот министер и тоа како е актуелно и дискутабилно, во позитивна смисла.

Повеќето од пратениците од опозицијата заборавија на фактот дека Комисијата не е формирана на 23.10., Комисијата е формирана на 03.10., значи пред да се изврши целата процедура околу измена на ректорот.

Сакам да кажам уште една работа, во моментот кога е формиран овој Универзитет за државен 27.09.2004 година, практично со наодот на Државниот инспекторат е констатирано дека првото конституирање на Сенатот е нелегален. Значи, без да навлегуваме во препукувања дали е

принцип, како се формирало почетното работење на Универзитетот, едно е неспорно, дека волунтаристичко се пристапило кон формирање на Сенатот. Оттаму произлегува целата нелегална процедура. Ние може да бидеме правници, може да бидеме економисти или било што, меѓутоа, мораме да почитуваме тоа што е запишано во наодите на Инспекторатот како институции кои го штитат нашиот систем Уставот и законите.

Значи, ако на 03.10. е испратена Комисија и ако внимателно прочитавте што е запишано, а тоа дека Комисијата по собирањето на доказите била избркана, се судруваме со една уште подлабока состојба отколку навидум излегува.

Оттаму и втората работа за која мислам дека е многу преурането давањето на интерпелација на министерот. Подобро ќе беше колегите од опозицијата да ги согледаат сите аргументи и да видат колку работи не функционираат. Ние мора да почитуваме она што го запишал Државниот инспекторат, а тој во своите наоди понатаму од она што произлегло на 03.10., на 06.10. како констатации произлегува еден официјален записник на многу страници кои ги имавме на увид, во кој се говори до денот на увидот поради престанок на мандатот на членовите на Сенатот од редот на студентите со легално право на членови на Сенатот се останати вкупно нула лица.

Значи, што да преземе било кој понатаму е во надлежност на институцијата-Државен инспекторат каде вели членот 53 од Статутот на Државниот униерзитет не е усогласен со членот 152 од Законот за високо образование, оттаму излегува заклучок за нелегалноста на вкупниот Сенат.

Уште понатаму, во укажувањата во согласнсот со член 28 укажува дека одлуките кои ги донел Сенатот од 27.09 2004 година па до денес се ништовни. Ние едноставно сега се обидуваме да дадеме нелегитимитет на ваквите извршени контроли и одлуки односно констатации на Државниот инспекторат. Дали да веруваме на волонтаристичките поставувања на членови на Сенатот или ќе веруваме на институциите кои се грижат, еден универзитет ако веќе е конституиран како државен да подлежи на Уставот и законите. Оттаму се влече, не од тоа кога и во кој момент минситерот за образование наредил да се смени ректорот, туку од 3.10.2006 година кога целата процедура е прекината. Никој нема право да прекине процедура на утврдување на состојбите на еден државен универзитет. Затоа, колеги, да бидеме внимателни кога зборуваме. Не се става во прво лице минситерот за образование, се става Државниот инспекторат кој што уште на 3.10.2006 година и понатаму. Оваа состојба не датира од времето ког ае назначен минситерот Рушити. Имаме повеќе записници во кои нарушеното владение на работата на Универзитетот е констатирано уште од претходниот минситер. Пробелмот е што не се постапувало. Иако има законски рокови од 6 месеци по укажувањата на минситерот да се средат работите и за тоа да се направи записник, па Универзитетот повратно да го информира Министерството дали ги исправило неправилностите.

Во записникот од Државниот инспектор е констатирано дека ниту една од неправилностите кои што уште пред година и повеќе се констатирани не се отстранети. Значи волантеристичкиот принцип, неспроведување на процедурата и законите, непочитување на Уставот, непочитувањето на Законот за образование не датира од сега. Значи тоа во континуитет почанло уште од самото конституирање на Универзитетот. Оттаму се влече правото на постапката на министерот, а не самоволно тој да го разреши затоа што смета дека треба да се разреши или е од друга политичка провиниенција. Ако сето ова како сублемат се наведе, би било многу покорисно да се прекине дебатата со повлекување на интерпелацијата, бидејки сега е јасно од сите увиди на сите претходни состојби и од претходниот министер и од сегашниот, од увидите и од записниците на Државниот инспекторат, дека оваа состојба и текако има влијание на регуларноста и на постоењето на Државниот универзитет, и затоа би било многу поцелисходно да се прекине оваа дебата да се даде време на министерот да ги среди овие состојби, бидејки и Уставот и законите со овие постапки видно се нарушени.

Значи ние не можеме да зборуваме дека министерот самоволно ја донел оваа одлука и го разрешил ректорот. Значи претходат многу нерегуларности, уште од претходниот состав кој што претходната Влада не била во состојба да ги разреши. Сега ако имаме доблест, јас по мое мислење длабоко сум убедена дека и колегите од опозицијата, кој што така цврсто стојат убедени дека треба да се заштитат процедурите, и овој пат треба да подлегнат и да признаат дека сегашната состојба е на почеток и дека сите состојби понатаму ќе се разрешат во позитивна насока. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејки нема пријавено за реплика, Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувана колешке, жалам што не сте го прочитале записникот и не сте го виделе датумот во тој записник. Сега за да се покријат грешките вие можете да кажете дека Инспекторатот бил и 5 месеци на увид како што ви одговара вас. Но вистината е дека тоа е направено на 26 октомври и прочитајте го внимателно и немојте да давате погрешни информации. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика, една минута повелете, Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Колешке, можете слободно да ја отворите Информацијата број 18 5625/4 од 13.10., каде што внатре на првата страница пишува.

Со решение број 18 5625/1 од 3.10, министерот за образование формира Комисија која што требаше да изврши надзор над законитоста над работењето. И понатаму имате во вторит дел каде што вели дека, Комисијата во состав од наведените Весна Таневска и останатите, на ден 3.10. во 13,00 часот и врз основа на увидот на целокупната документација што им беше доставена по нивно барање од надлежните на овој Универзитет, ја изработи оваа Инфорамција која што носи дата 13.10.

Значи 3.10 било датата кога се именувани, и кога извршиле увид на Тетовскио туниверзитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам**.**

Има збор пратеникот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Дами и господа пратеници,

За Интерпелацијата на господинот Рушити, надолго и нашироко, елаборираа претходните говорници, ја елаборираа законската постапка така што гледам дека на мојата лева страна таканареченото мнозинство наидува на глуво уво иако се повредуваат сите закони и тие што произлегуваат од Уставот на Република Македонија и не се почитуваат. Мојата дискусија ќе ја искористам за да ги потсетам моите колеги дека мотивите кои се политички и партиски без сомнение биле одлучувачки при одлуката за разрешување и назначување на ректорот на Универзитетот во Тетово.

За ова не треба да се дадат многу аргументи затоа што тие се гледаат многу јасно, дури нив може да ги забележи човек кој нема никакви познавања од законодавството во Република Македонија.

Според Законот, министерот ниту може да разрешува ниту може да назначува ректор во некоја универзитетска установа во земјата. Според логиката на министерот или на неговите партиски патрони, до колку си министер можеш да разрешуваш и назначуваш кого сакаш и по оваа логика министерот има право да го разреши и Претседателот на државата, или некое физичко лице, во некое јавно претпријатие или приватно до колку тој не работи според директивите или наредбите на неговата партија.

Господине Рушити, вакво однесување и вакви одлуки не се донесени ниту во средновековното време. Меѓутоа, вакви одлуки се донесени во нацистичка Германија кога Хитлер со една одлука го разреши првиот ректор во Германија кој беше разрешен, но не на овој начин, тој ја изнајде методата и формата во Сенатот и го разреши ректорот.

Втор пат разрешување на ректор се направило на Косовскиот универзитет, сега Приштински универзитет. Милошевиќ го разреши ректорот и го постави Паповиќ, што е многу интересно. Милошевиќ во тоа време, ме потсетува на времето на моите студии, кажа два три збора на албански јазик. Се повторува истото време, истото дејание, меѓутоа, во поинаква форма, кога и премиерот Груевски кажува два три збора на албански јазик на Штуловиот универзитет.

За одлуката за која кажав малку порано дека ни во средновековието не се донесувале такви одлуки, за таа одлука можам да понудам колку сакате аргументи, меѓутоа, нема да продолжам понатаму во таа насока.

Во оваа прилика поставувам неколку прашања не до министерот за образование и наука затоа што се знае дека неговата партија никогаш нема да се води според законите и процедурите, туку со интересите на својот лидер. Меѓутоа, мандатарот Груевски како може да дозволи еден негов министер да не го почитува Уставот и законите на земјата, односно Законот за високо образование. Каква Влада и држава водите господине Груевски кога вашиот министер донесува одлуки кои се дилетантни и против академските и граѓанските интереси во земјата. Дали ќе толерирате, до колку една таква интервенција или еден таков упад направи ваш министер во Скопскиот универзитет, сигурно дека не, туку на Државниот универзитет во Тетово тоа го дозволувате, затоа што така сте побарале од албанскиот партнер пред да ја основата Владата. Сега тие ви го враќаат долгот за тоа што ги вклучивте во Владата без албанскиот легитимитет и вие заедно треба да ја реализирате вашата антиалбанска поддршка.

Меѓутоа, во случајот на Државниот универзитет во Тетово ова не се направи поради притисок затоа што без сомнение тоа ви одговара албанците да се караат меѓу себе, додека албанските студенти да немаат нормални студии. Меѓутоа, вашата одговорност е што проблемот кој ги тангира сите академски граѓани во земјата да го пренесете само на етничко рамниште, односно да го ставите како внатреалбански проблем и да правите што сакате. Еден сериозен премиер едно такво нешто не треба да толерира, до толкуповеќе кога треба да се внимава и да се грижи за интересите на сите граѓани на земјата. Кога ветил дека министрите ќе одговараат пред него, а не пред своите партии. Овде се случува нешто сосема спротивно.

До колку господинот Груевски и овој пат ги затвори очите пред една ваква повреда на законот, тогаш треба да признаете дека установите или институциите ги раководите според лични или групни интереси, а не во интерес на државата. Ова води кон тотална анархија и кон уништување на државата и граѓаните. Исто така, делот на пратеници од левата страна дава некои аргументи кои се нелогични, непрагматични и мислат дека со нештитење на Државниот универзитет во Тетово, дека тоа е универзитет на албански јазик, тогаш повикувањето на Уставот и на законите, всушност и повредувањето на истите, затоа што имаат право во иднина, до колку навистина Уставот се повреди, така што таканареченото мнозинство може да се придружи на разрешувањето на двајцата поранешни ректори, она во Германија и на Милошевиќ во Приштина. На истото може да

се припои и ова разрешување на Универзитетот во Тетово. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Не сакав да го прекинам господинот Дураку, бидејки многу пати направи квалификации и споредби со негативни личности од историјата, нарекувајки ја Владата таканречена, мнозинството и т.н. Не го направив тоа од причина да не излезе дека еве не се почитува гласот на опозицијата. Затоа го оставив да зборува до крај. Инаку, да имате предвид во иднина, ве молам без квалификации и без споредби. Благодарам.

(Пратеникот Дураку бара реплика)

Не можете да имате реплика, господине Дураку, јас објаснив како оди процедурата. Може да барате процедурално збор.

Повелете господине Дураку, процедурално.

**Садула Дураку:** Вие можете да кажете што сакате, но гласањето на Албанците е на наша страна. Дали сакаше да ме прекинеш во моето излагање или не, тоа право не го поседуваш, бидејки самите гласачи на 5 јули ја кажаа својата волја. Но не сакам да навлегувам во тоа, бидејки денес имаме Интерпелација за господинот минситер за образование Рушити. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Фазли Велиу, повелете.

**Фазли Велиу:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани присутни,

Во врска со Интерпелацијата, иако сите досегашни дискутанти многу јасно укажаа, посебно оние од страна на партијата на која јас и припаѓам, на стручен и стратешки начин, но укажувајки со нивни забелешки на ставањето ред според Статутот на овој Универзитет, сакам попатно да се јавам и да изнесам пред вас и јавноста, за да објаснам некои работи, а во исто време да го дадам и мојот личен придонес и колективен придонес за да излеземе од оваа состојба.

Прашањето на Државен универзитет во Тетово е една од најзначајните прашања на нашиот народ и на тие јас кои го ценат и го сакаат овој народ и нашата иднина секако како и на граѓаните не земјава и самата држава, едно прашање кое ги мачеше сите граѓани Албанци и другите граѓани, прашање кое бара еден сериозен пристап и еден колегијален придонес за да излеземе од состојбата во која се наоѓа овој Унвиерзитет издигнат со многу мака и труд, еднаш од самото албанско население и понатаму прифатен и од самите државни норми на оваа држава.

Јас и во минатото, во текот на целиот период сум бил на страната на основањето и издигнувањето на албанското високо образование и на сите граѓани во земјава и останувам таков, доживотно останувам таков барајќи форми издигнувања како за овој и другите универзитети во земјава, како во западниве земји давајќи го и тамошното искуство овде така и во земјава правејќи ги сите заложби за да имаме универзитет со кој ќе имаме еден повисок третман, наставен, образовен, истовремено ќе имаме и една рамноправност меѓу граѓаните во земјава.

Во минатиот мандат овој Универзитет го штитев со мојот глас од оваа висока државна институција, значи од ова Собрание, штитејќи го не само со материјална и морална страна, туку секако и од правна страна, во оваа наша заедничка институција.

Во текот на заштитата на Универзитетот не сакав да штитам одредени личности, ниту во времето на основањето во 1994 година, ниту во времето на официјализацијата, во текот на нашиот минат мандат, ниту денес кога се прават промени на кадар, посебно раководен кадар. Целта ми е да ја заштитам оваа институција, автономна институција, неприкосновено право на самиот универзитет и на раководството на Универзитетот, од Ректорот, Сенатот, самите студенти, спроведувајќи ги начелата и сите одредби во земјава кои важат за сите универзитети, а не со пристрасни решенија или решенија за одмазда, или некој друг облик, кои се вршат во име на личност, во име на министерот, во име на самата Влада итн. Сите форми на постапки и дејанија кои се направени во последно време, имаат една новина. Новината се вика уништување на се што е изградено до сега.

Го следев течението на овој универзитет и повторно го следам. Овој универзитет не е послаб од скопскиот. Овој универзитет не е послаб од другите универзитети кои се основани било во Приштина, Нови Сад и на други места. Овој универзитет не е послаб од тој што се основа во Лозана каде имаше три наставници, додека сега има над 30 наставници со соодветни дипломи.

Не сум бил пристрасен ниту во текот на дискусиите овде и не сакам да имам политички пристап во врска со сериозните научни прашања на нашиот Универзитет во Тетово. Сум бил критичен. Критичен сум и во однос на т.н. интелектуалци, тн., професори, тн., политичари, истовремено и кон тн., институции издигнати во разни форми кои се и за осуда. Сум бил на страната на тие кои даваат свој придонес за да се заштити оваа високообразовна институција и да ја подигнеме на нивото на двата државни универзитети, скопскиот и битолскиот, но истовремено да го дадеме придонесот и за другиот универзитет што се подготвува да се основа во Штип и во други градови. За тоа ако имам забелешки никој да не ги сфати како сугестивни или како една форма на кампања туку едно мое размислување. Јас не сакам да отворам еден одличен период од времето од 2002 година и од времето додека се официјализираше овој универзитет, на новиот политички субјект, албански субјект кој го даде својот придонес во однос на официјализацијата, значи на ДУИ, што беше во целосна согласност со заложбите на земјава, на сите граѓани, за да одиме кон Европа и тоа подготвени, за да дадеме и да земеме кадар од Европа и истовремено да бидеме на нивото на

сите граѓани и народи кои заслужуваат еден универзитет и еден економски развој, демократски напредок, истовремено стратегија на самата држава. Тоа го велам затоа што овој нов политички субјект кој е во улога на опозиција, а ја нема таа улога, но има друга улога, бидејќи го има мнозинството гласови од својот народ, го поддржа населението кое со труд го изгради универзитетот и е во состојба овој универзитет и сама да го одржува. Самоодржувањето на овој Универзитет не би било добро, кога сме се определиле за една мултиетничка држава. Одржувањето од самите Албанци значи еден расцеп меѓу науката, знаењето и напредокот, но истовремено и стратегијата на народите кои живеат во оваа држава. Затоа, во врска со интерпелацијата, јас имам свои мислења кои не се во судир со напредното мислење на овдешниот дел кој го поддржува овој Универзитет. Во оваа прилика сакам да кажам дека во најтешките моменти, десната страна од овој парламент го даде потребниот придонес и заедно Албанци и Македонци, секако и другите, ја изгласаа највисоката албанска институција, Државниот универзитет во Тетово.

Се повика овде актуелниот претставник на Владата, министерот за образование и инаука кои треба да ги даде своите образложенија. Освен тврдите образложенија кои ни ги понуди, другите не ги има документирано. Во вториот дел од неговата дискусија се задржува на работата на поранешниот министер за образование и наука, додека за своето работење, еве три месеци нема ништо понудено освен моментот кога упадна во овој Унвиерзитет, на тој начин како што упадна. Според неговото излагање излегува дека е повикан овде да ни врши предавање и не сноси никаква одговорност за настаните што се случија во нашата високо образовна институција, не сака да каже дека неговата постапка можеше да заврши и со една поголема трагедија, кога се знае дека таквите дејанија имаат и последици. Во ист ден тој го разрешува дотогашниот избран ректор, избран од Сенатот и назначува друг Ректор, што не е тоа негова надлежност, туку е надлежност на институциите, како Сенатот па се до највисоките институции, како што е Собранието. Тој со неговата постапка се гордее и мисли дека има направено еурека на науката, дека ја спасува институцијата и слични работи. Заборава дека тој не е ниту основач, нема дадено свој придонес, ниту е еурека на оваа земја, ниту на автономната научна институција на нашиот Универзитет. По се изгледа едвај го дочекал моментот да биде избран на оваа функција и да работи како што тој сака, без да води сметка дека тој припаѓа на еден слој кој има дадено толкав придонес, денес да седне и да побара еден универзитет кој ќе биде во целостна согласност со сите унвиерзитети во земјата и светот. Тој заборава од каде е дојден и кому му служи. Јас знам дека после четири години тој ќе се поправи, но тоа треба да го направи денес кога е време за тоа, бидејќи е на чело на една институција што и припаѓа на целиот народ. Тој истовремено се гордее со неговата постапка, би рекол штетна, противправна, незаконска. Според мое мислење, за оваа постапка тој е еден нов пучист на нашиот Универзиет кој ние го изградивме, со многу труд, само жртвување и сме во состојба да го штитиме со жртвување.

Исто така, од македонската страна, мислам дека ова никој немаше да го направи како што постапки сегашниот министер, затоа што и покрај се македонската страна, посебно дел од од десната страна, на крајот сфати и призна дека направило одолговлекување на признавањето на Државен универзитет во Тетово за на крајот да го признае овој универзитет, бидејќи живееме заедно на овие подрачја и заедно можеме да ги издигнеме нашите вредности за да чекориме напред.

Исто така, ако се случеше некој настан како што се говори, за корупција или за непотизам, или за други злоупотреби, овој сегашен министер немаше да има смелост да направи нешто слично затоа што тогаш ќе наидеше на проблеми и ќе се врати од каде што дошол, бидејќи високите институции се издигнуваат со генерации, имаат мандат од народот. Тој оди уште подалеку и вели дека е спасител на овој универзитет, враќајќи ја назад Одлуката на Собранието од минатиот мандат, до Уставниот суд. Ова право на министерот и на Владата никој не може да им го даде затоа што ова право го има само Собранието кое овозможи официјализација на Државен универзитет Тетово, официјализација на третиот Државен универзитет Тетово и само Собранието може да интервенира и може да и го одземе мандатот на оваа високообразовна институција, доколку има потешки прекршувања. Но, истовремено мислам дека овој нов испит кој го прави овој претставник на Владата е една негова иницијатива, на правена на еден наивен начин и на крај поддржан од самата Влада, бидејќи не можела да го одржи тоа. Оваа метода е од прд 2002 година, кога истата партија и истата коалиција ги уништија темелите на овој Универзиет, го оспорувале истиот и сега сакаат да најдат еден албанец кој преку нивната продолжена рака сака да го уништи сето тоа што сакаше да го уништи, можеби и коалицијата од тоа време.

Сакам да нагласам неколку работи:

Прво, експозето на претставникот од Министерството говори од една политичка уцена во однос на една образовна - научна институција.

Второ, начинот на сомнежот за основањето на Државен универзитет Тетово е продолжение на оспорувањето и негирањето на оваа институција од сите тие кои не и го сакале доброто на оваа установа, истоврремено и на народот и сите граѓани. Оваа цел има своја метода на деградирање од страна на самите Албанци, преку поуките на другите кои стојат позади нив.

Трето, интервенцијата во Државен универзитет Тетово од страна на министерот ги крши сите уставни и законски одредби, исто така го крши и статутот на оваа установа.

Четврто, враќањето на предметот, како што мисли тој и самата Влада, да го врати и верифицира во Врховниот суд, ги крши законските одредби на оваа високообразовна институција, а истовремено ги деградира здравите постапки од минатиот мандат на ова Собрание како највисока институција во земјава. Овој начин на спасување не е начин на спасување, туку е една форма на продлабочување и губење на динамиката на установата, губењето на развојот на високото образование и истовремено омаловажување на самите албанци. Оваа форма нема да успее, бидејќи ние сме имале и потешки облици на дејствување. Самите албанци и сите народи во оваа земја доживееја и потешки војни, но сепак на крајот успеале. На крајот, ние, нашиот народ, вистинските интелектуалци, како и сите граѓани од сите етникуми кои живеат се на страната Државен универзитет Тетово, но се и настраната на разгледувањето на сите форми кои се нејасни и истовремено сомнителни, кои го попречуваат развојот на нашиот универзитет, а пред се на страната на пирамидата на образованието што ја издигнавме и можеме самите и да ја одржиме.

Повикани сме да ја одржиме оваа установа, сите ние и сите тие кои се со напредни идеи, научници, патриоти, чесни граѓани докажани во оваа земја. Другите, меѓу кои се и тие кои се однесуваат како спасители околу овој универзиет, може да влезат внатре доколку се на страната на народот, со една мудрост и однесување, земајќи го во рака Уставот од 2002 година, земајќи го и автономниот статут на самиот трет Државен универзитет во Тетово.

Владата, која од нас се уште го нема целосниот мандат без да го има и нашето учество, иако често пати ова наше учество се мисли како едно брзање или желба за власт, а што не беше никогаш, ова е една иницијатива да јо подржиме и издржливоста на граѓаните на нивниот напредок и истовремено напредокот на нашите заеднички универзитети за да чекориме кон Европа и светот и тоа напредниот свет и истовремено како победници, за поголеми битки и стравувања, влегување со универзалниот комплекс на нашиот Универзитет и со народите кои ќе го уживаат овој Универзитет. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Само едно објаснување. Господинот Рушити не е претставник на Министерството, тој е министер за образование инаку претставник на Владата на Република Македонија.

Збор има пратеникот Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине подпретседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Тетовскиот универзитет со години предизвикуваше бранувања во Македонија од различни причини. Да се надеваме дека е ова последно бранување по кое што ќе запловиме во едни помирни води.

Меѓутоа, мислам дека оваа расправа во основа е позитивна. Зошто? Затоа што за прв пат зборувајќи за Тетовскиот универзитет, не зборуваме со јазик на етничка исклучивост. За прв пат зборуваме за закони, процедури, квалитет на високо образование. И затоа сум навистниа длабоко убедена дека ова е позитивна расправа по која на сите ќе ни олесни. Можеби имало грешки во некои чекори, можеби не бил избран најсоодветниот начин во некоја фаза од развојот на овој Универзитет, меѓутоа сакам да верувам дека сме на прав пат и дека крајниот исход ќе биде се подобар и подобар.Затоа што квалитетот е она за кое што ние треба да се бориме.

На младите во Македонија им треба добро образование, им треба одлично образование за да можат да го надокнадат она што е пропуштено во однос на другите земји. Ние сме имале, поминале времиња кога можеби сме имале недостиг на многу нешта, меѓутоа имало добро образование во Македонија по што следеше период на транзиција кога целиот наш живот се влоши, квалитетот на животот од секој аспект, така и во поглед на образованието. Со проблеми се среќаваат професорит, со проблеми се среќава наставниот, образовниот кадар од сите нивоа, со проблеми се среќаваат и младите. Така што многу е важно да се заложиме и да се бориме за што повисок квалитет во нашите високошколски образовни институции и во случајот на Тетовскиот универзитет. Зошто само така ќе можеме да се рамниме со другите земји, ќе можеме да бараме почит и да се чуствуваме рамноправни со другите во Европа кон кои што сакаме да се приклучиме.На Македонија и требаат одлични стандарди на Тетовскиот универзитет за да можат и нашите млади да се чуствуваат еднакви меѓу себе. За да имаат одлично образование за сите кои доаѓаат од високошколски институции и образовни институции за да утре имаат еднаков старт за добро вработување и за добра иднина и сигурна егзистенција.

Тука е и мојот главен аргумент за подршка на министерот кој што, всушност, се бори за покачување на стандардите на високото образование во Тетовскиот универзитет со тоа и во цела Македонија и токму поради тоа јас ја отфрлам, не ја прифаќам интерпелацијата врз него. Мислам дека, во основа, неговите заложби се правилни и треба да го подржиме. Убедена сум дека не било едноставно, не било лесно да се проговори за лажните дипломи, за разни состојби кои што не биле пријатни кои што довеле до една заплеткана состојба, така да кажам Универзитетот. Сигурно дека била потребна храброст и доблест за да се направат одредени одлучни чекори и мислам дека навистина заслужува подршка за да продолжи во иднина да се заложи да го заврши она што го почнал.

На крајот да бидеме задоволни дека ќе имаме една високообразовна институција со високи стандарди која ќе може навистина да продуцира кадри кои што ќе можат да се мерат со сите други кадри во земјата, меѓутоа и со кадрите на сродни високошколски, високообразовни институции надвор од Македонија.

Со тоа јас би ја завршила мојата дискусија, даваајќи му уште еднаш подршка на минстерот Рушити. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Јашари реплика, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Бидејќи со почитуваната колешка пратеник и во минатиот состав не бираа како пратеници и мене ми текнува дека на седницата на која што го усвоивме Законот за државниот универзитет во Тетово, седница која што беше маратонска и на таа седница или пак од таа седница ни се познати ставовите на почитуваната колешка, пратеничката Поповска.

Ме зачудува фактот дека имајќи ги предвид овие ставови, денес расправајќи за оваа точка од дневниот ред и таа излегува со став на одбрана на тоа што се нарекува квалитет кој што треба да го поседува секој студент или секој дипломиран. Велам уште еднаш, имајќи ги предвид ставовите кои што таа ги има изнесено на таа седница во поранешниот состав и овие ставови што ги претставува денес се контрадикторни.

Прашањето на квалитетот на студентите кои дипломирале и кои студираат во Државниот универзитет во Тетово подобро може да се верифицираат од тие што таму предаваат, професорите, меѓутоа јас сум длабоко убеден дека ова прашање многу брзо ќе се верифицира и во практика, затоа што многу дипломирани и нормално, тие што ќе дипломираат се вработуваат во разни органи во администрацијата и податоците кажуваат, констатациите кажуваат дека сепак нивото или квалитетот на тие студенти е на потребното ниво во согласно со тоа што е стандар на квалитетот во Република Македонија.

Повеќе од вистина е дека квалитетот на студентите не само во Македонија, не само во Државниот универзитет во Тетово, туку на ниво на сите универзитети е тоа ниво што е и јас не сакам да ја бранам таа теза, меѓутоа сепак сакам да нагласам еден друг факт дека Законот за високо образование предвидува можност да преку евалуација се определи и квалитетот на секој универзитет било да е државен или приватен и во рамките на ова и Државниот универзитет во Тетово. Затоа што и расправам според податоците што јас поседувам или пак фактите што јас ги поседувам тие говорат дека евалуацијта во тој универзитет не е слаб. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика?

Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам колега што ме потсетивте на таа седница. Тоа беа долги, долги седници, всушност продолжени на кои што јас претседавав како потпретседател на Собранието. Не дискутирав по оваа таа точка. Значи погрешно се сеќавате, не дискутирав и не гласав не бев присутна во моментот на гласање. Овде јас ја имам листата на гласање претпоставував дека можеби некој ќе сака да ме потсети на некои моменти од таа седница. Значи, не сум гласала, заедно со уште една редица колеги од СДСМ и ЛДП, но не секогаш може да си присутен на седниците и не секогаш се случува да гласаш. Инаку, јас имав мислење и дискусија издвоено од мојата Коалиција на која што и припаѓав за Законот за високо образованите, кој што се носеше 6 месеци порано, среде лето и тогаш се залагав за високи критериуми и за строга контрола на тие критериуми. И не се согласував што тој Закон се донесе набрзина, без да се изгради конзистентен систем онаков каков што ни треба. Значи јас сум си била доследна од тогаш до сега и не гледам никаква противречност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика бараше господинот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Догани.

Почитувана колешке Поповска, неколку пати сме имале неколку дебати било овде или надвор од Собранието, но мислам дека тоа што вие се трудите лично да го промовирате и како претседател на една нова партија, но и порано кога се одвоивте од вашата коалиција, партијата на која и припаѓавте, беше дека сите тие што велите во рамките на тенденциите и демократските требдови на еден период на транзиција, каде луѓето еволуираат, имаат една внатрешна евалуација и ментална евалуација, евалуираат од аспект на чувствата национално било врз себе или кон другите. Но, мислам дека несомнено, не мислам туку сум сигурен дека несомнено знаете која е вредноста, клучната вредност на една парламентарна демократија и на еден демократски систем кој ние се залагаме да го изградиме овде во Македонија. И за ова јас не можам да разберам кој може да биде мотивот по сите овие расправи за кои расправавме и кои може да биде мотивот на вашата подршка на една антиуставна постапка, докажана не само од мојата Коалиција туку од Комисијат за спречување на корупцијата од разни професори и од Хелшинскиот комитет.

Кој може да биде мотивот за оваа подршка како кажав и ќе повторам, мнозинството не расправаше за Законот за полиција. Јас тие ќе ги наречам како егзекутори не една одлука на Владата поради разни причини, а последиците сите ќе ги сносиме, но овде за жал, вие станувате совиновник, како пратеник од монзинството кои давате подршка на кршењето на законите во име на спровеувањето на истиот закон. И кршењето на законот во име на спроведувањето на законот е еден атрибут на тоталитарни популистички системи кои, за да победат во моменталната политичка коњуктура, поени се против, овој случај е како порачана оваа работа, пртив ДУТ каде имаше голема врева, бидејќи се создаде едно концентрирање на овој проблем, дали ќе им дозволиме на Албанците да имаа Универзитет? И овие популистички коњуктури, за жал, оваа Влада со начинот на ислагањето во медиумите и така

како што работи се штетни за едно средно време. Можеби имаат бенифиции во кратки чекори, за кратко време. Но, јас жалам, за едно средно време ќе има последици за сите нас.

Бесим Догани: Контрареплика госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван колега Буџаку, вие заборавате на како начин беше донесен Законот за Тетовскиот универзитет, па еве вака сакав да потсетам и како беше донесен и Законот за високо образование. Овој вториов, беше донесен среде лето, без можност за јавна расправа и на професори и на студенти. Јас токму тоа и го истакнав во таа прилика дека за некои вакви сериозни прашања потребна е отворена расправа. Затоа и мислам дека е добра и позитивна оваа расправа во Собранието.

Јас не одрекувам дека некаде, веројатно, имало можеби некој чекор што не бил најдобро избран во поглед на процедурата, меѓутоа сите се согласивме дека сегашното решение е подобро од претходните тоа го кажавте и вие кои што се потпишавте за ,интерпелацијата. Ако е тоа така тогаш ќе се потрудиме сите заедно да изградиме еден, навистина подобар систем на високо образование посебно и за Тетовскиот универзитет. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има пратеникот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитувана госпоѓо пратеник,

Јас, во вашиот говор забележав контрадикција, зошто од никого овде во Парламентот никој не се произнесе дека е против почитувањето на стандардите и против почитувањето на законот и Уставот.

Од друга старна кога подржуваме едно против законско дејство или против Уставно дејство, тогаш навлегуваме во контрадикцијата на нашите расправи или пак на нашите ставови. Така што јас мислам дека во овој аспект вие сте контрадикторна сама со себе во моментот кога признавате и барате дека ние да ги почитуваме стандардите, законот и Уставот, а од дргуа страна кога подржуваме едно против законско дејство и против Уставно дејство, тогаш не знаеме кое е основното начело на еден пратеник или кое ќе биде тоа начело на парламентарното мнозинство утре.

Што се однесува на проблемот како се основа Универзитетот во Тетово, тоа е посебна историја затоа што се знае да долги периоди, значи кои биле основните пречки да не се употреби ништо затоа што немало готовност од политичката класа во изминатите периоди, па нормално дека доаѓа до фустрации или пак доаѓа до контрадикции поврзани со некои норми. Меѓутоа, процедурата, постапката за основање на Тетовскиот универзитет е завршена и ние сме денеска во постапка на следново: сакаме да ги почитуваме стандардите, законите и Уставот и дали сакаме или не да го правиме тоа. И не сакаме да влеземе во контрадикција на нашите ставови, треба да бидеме многу рационални во нашите говори и конструктивни затоа што сакаме да идеме кон Европа. Треба да ја убедиме Европа дека ние сме цивилизирана држава, таму каде што функционира правната држава и се почитуваат законите и Уставот, при што во прв ред највисоките органи треба да го дадат тој пример, во овој случај Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството итн, и ќе треба да докажат дека ги почитуваат законите и Уствот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Попвска:** Почитуван колега, дали не почувствувавте дека токму вие бевте контрадикторен во вашата изјава? Вие, штотуку кажавте дека вам не ви било битно, во моментот на носење на одлука за Универзитетот, дали се испочитувани сите стандарди и услови. Меѓутоа, сега ви е битно да се почитуваат условите и стандардите за негово функционирање.

Знаете, има моменти и вие сте самиот свесен, кога се носат политички одлуки, таква беше во тој момент таа Одлука, но добро е што се разви во правилна насока и добро е што ја надрадуваме за да добиеме висок квалитет.

Вие ми префрлате за квалитетот на образованието. Секој, во некоја расправа, го гледа она што сака да го види и што му е битно. Мене ми е битен квалитетот во високото образование и затоа за него зборував. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлагам тука да ја прекинеме сединцата, бидјеќи е веќе 5 минути до 6 часот.

Продолжуваме утре во 12,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот)